# ТАВОР

Списание на Кумановско-осоговската епархија
**Година II • Број 5**
**2014**





Христос се раѓа, славете Го; Христос од небесата,
пресретнете Го; Христос на земјата, вознесете се;
Пеј Му на Господа цела земјо и со веселие воспејте Го луѓе,
зашто се прослави.

*Прва песна од првата катавасија*
*на Рождеството Христово*

Тавор • Тромесечник на Кумановско-осоговската Епархија на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија
Главен уредник: Митрополит Кумановско-осоговски г. д-р Јосиф
Редакција: Милан Јаковчевски, м-р Филип Станковски
Печати: „Нипонграфик“, Охрид

# ТАВОР

Декември 2014 • Година II • Број 5

| | | |
|---|---|---|
| **Литургиски круг** | **1** | Слово триесет и осмо<br>*Свети Григориј Богослов, Архиепископ Константинополски* |
| **Светоста како цел - Современи светители** | **8** | Обожението на светите како икона на Царството Божјо<br>*Јован, Митрополит Пергамски* |
| | **15** | Свети Арсениј Кападокиски |
| | **17** | Свети праведен Алексеј Московски и неговиот син, свештеномаченикот Сергеј |
| | **24** | Преподобномаченичка Марија Париска и Равенсбрјушка |
| | **29** | Свети Рафаил, епископ Бруклински |
| | **33** | Свештеномаченик Филумен Агиотафит, од Јакововиот кладенец |
| **Духовност** | **35** | Црквата како чувар на ангелската философија<br>*Презвитер Милорад Голијан* |
| **Окултизам и спиритуализам** | **37** | Астрологија<br>- нејзината суштина и појавување според учењето на Православната Црква (втор дел)<br>*Димитриј Бороновски* |

ФРАГМЕНТИ

# СЛОВО ТРИЕСЕТ И ОСМО

## ОД БЕСЕДАТА НА БОГОЈАВЛЕНИЕТО, ИЛИ НА РОЖДЕСТВОТО ХРИСТОВО*

Свети Григориј Богослов, Архиепископ Константинополски





1. Христос се раѓа, славете! Христос од небесата, пречекајте Го! Христос на земјата, воспејте Го! *Пеј Му на Господа, земјо цела!* И кон небото и земјата ќе речам: *нека се весели небото и нека се радува земјата!*[1] – поради небесното, а потоа и земното. Христос е во тело, со трепет и радост веселете се: со трепет, поради гревовите, а со радост, поради надежта. Христос е од Дева: жени, чувајте ја вашата девственост, за да станете мајки Христови! Кој да не Му се поклонува на секогаш Суштиот? Кој да не Го прослави Последниот?

* Историски гледано, празнувањето на одделни настани од овоземниот живот на Господ Исус Христос како самостојни празници, а особено на Неговото Рождество, потекнува од IV век. Дотогаш, Црквата од Истокот на 6 јануари (19 јануари) ги празнувала Неговото Рождество, поклонувањето на мудреците пред Богомладенецот, Неговото Крштение (Богојавление) и првото евангелско чудо на свадбата во Кана Галилејска, и сето тоа под едно исто име - Богојавление (покрај овој празник, уште од почетокот се празнувало Воскресението Христово и Светата Педесетница). Во четврти век, пак, поради неколку околности, било одлучено празнувањето да биде одделено, така што во декември (според стариот календар) да се празнува Рождеството, а во јануари - Богојавлението.

2. Се растера темнината и одново светлоста блеска; повторно Египет е казнет со темнина и повторно Израил со столб е осветлен. *Луѓето што во темнината на незнаењето стојат* нека ја согледаат *великата светлина на знаењето. Помина старото, сѐ ново стана*[2]. Зборот избледува, духот го победува, сенките поминаа, а нивното место вистината го зазема. Доаѓа Мелхиседек; без мајка роден, се раѓа без татко: првиот пат без мајка, вториот пат без татко. Се нарушуваат законите на природата: вишниот свет треба да се наполни. Христос заповеда, ние нема да се противиме. *Ракоплескајте сите народи, оти дете ни се роди, Син, и нам ни се даде, [Оној] Кому власта Му е на рамото негово, зашто се вознесува со Крстот, и името ќе му биде: на великиот совет* – советот на Отецот – *Ангел*[3]. Нека загрми Јован: *подгответе Го патот Господов!*[4] И јас ја благовестам силата на денот. Бестелесниот се вотелотворува, Невидливиот станува видлив, Недопирливиот ни е достапен, Безвремениот прима почеток, Синот Божји станува син човечки; *Исус Христос, и вчера и денес, Тој и во вековите*[5]. Јудејците нека се соблазнуваат од ова, Елините нека се потсмеваат, а еретиците залудно нека си го трошат јазиот свој! Сите тие ќе поверуваат во Господа кога ќе Го видат како се вознесува на небото; ако и тогаш не поверуваат, тогаш секако кога ќе Го видат како доаѓа од небесата и седи за да суди.

3. Сето тоа ќе дојде потоа, а сега е празникот на Богојавлението или Рождеството; инаку, вака се нарекува овој ден и на едното празнување му се даваат две имиња – Бог им се јави на луѓето преку раѓањето. Тој е Бог, како Вечен и Секогашвечен од Секогашвечниот, над гревот и осудата на словата (не постои слово кое би било над Словото Божјо), Тој се јавува поради нас, раѓајќи се во последните времиња, за Оној, Кој ни дарувал битие, сега да ни дарува и благобитие, односно за ние, кои преку гревот го изгубивме благобитието, повторно да бидеме вратени во него преку воплотувањето. Од јавувањето Божјо го имаме името Богојавление, а од раѓањето – Рождество.

4. Такво ни е празнувањето; ова го славиме сега – Божјото доаѓање кај луѓето, за и ние да се преселиме или (подобро кажано) повторно да се вратиме кон Бога, за отфрлувајќи го стариот човек, да се облечеме во новиот, и како што во Адам умревме, така во Христа да живееме[6] – со Христа родени, распнати, погребени и воскреснати. И јас исто така треба да ја истрпам таа спасоносна измена за, како што од пријатното произлегло жалното, [така и] од жалното одново да изникне пријатното. *Каде е умножен гревот, таму се умножува и благодатта*[7]. Ако јадењето било причина за осуда, зарем Христовото страдање не нѐ оправда уште поспасоносно? Значи, да празнуваме не со прејадување, туку божествено, не светски, туку натсветски, не нашиот, туку празникот на Оној Кој стана наш или подобро кажано, празникот на нашиот Господ, не празник на слабоста, туку празник на исцелението, не празник на создавањето, туку празник на новото создавање.

5. Како да го исполниме ова? Нема да ги украсуваме дворовите на нашите куќи, ниту ќе ги дотеруваме улиците; нема да се собираме и да се замајуваме со празното гледање, ниту ќе го слушаме звукот на инструментите или ќе го насладуваме мирисното сетило, или ќе го скверниме сетилото за вкус – тоа сѐ се кратки патишта кои водат кон пороци, сѐ се тоа врати на гревот. Да не се однесуваме како жени, ниту да се воодушевуваме од меката и накитена облека чија елеганција е бесмислена, ниту да се играме со скапоцените камења, ни со блесокот на златниците или шминкањето на своите лица што фрла сомнеж на нашата природна убавина, зашто со шминката, всушност, ликот Божји во нас го исмеваме. Да не се оддаваме на *прејадување и пијанство* со кои, колку што знам јас, *е соединета прељубата и нечистотата*[8]; од лошите учители лоша поука доаѓа односно, од лошото семе и нивата е бескорисна. Да не ги прекриваме со дрвени гранчиња високите ложи, ниту да поставиме раскошна трпеза со која стомакоугодуваме; да не ги преценуваме вкусните вина, куварските специјалитети и гурманства. Ни земјата, ниту морето не ни даваат скапоцено богатство – а така се научив да ги величам скапоцените предмети! Да не тежнееме да се натпреваруваме во ненаситноста (јас

сметам дека сето она што е излишно или непотребно – е невоздржание), особено кога другите, од истиот прав и состав како и нас создадени, гладуваат и се во неволја.

6. Сето ова и понатаму да им го препуштиме на безбожниците, на нивната распуштеност и забави. Тие ги слават своите богови насладувајќи се со мрсна храна, така што и на божеството му служат угодувајќи му на своето тело како лукави измислувачи, жреци и поклоници на лукави демони. А ние да Му се поклонуваме на Словото Божјо, и ако веќе треба од нешто да се насладуваме, да се насладуваме со словата и законот Божји, и различните кажувања за причините поради кои славиме, за нашето насладување да биде лично и пријатно на Оној Кој нѐ собра, а не Нему туѓо. Или пак, ако повеќе ви одговара, ви го предлагам јас, кој и сега на некој начин началствувам со овој пир, вам – добрите соучесници во радоста, ова слово онолку колку што дозволуваат моите сили, да научите како дојденецот може да ги угости домашните и природни жители, а селанецот – градските жители, неупатениот во раскош – раскошните, бедниот и бездомен пак – познатите богати. Ќе започнам вака: секој кој сака да се насладува со ова што следи нека го очисти својот ум, и слух, и срце, зашто словот за Бога во мене воедно и Божјо Слово е; очистете се за оттука да заминете навистина сити, и со ништо невкусно нахранети. Мојата беседа истовремено ќе биде содржајна и кратка, но ниту некого ќе го обеспокои со својата краткост, ниту пак, со својата опширност ќе го измори.

7. Бог секогаш бил, секогаш е и секогаш ќе биде. Или попрво, секогаш постои; зборовите „бил“ и „ќе биде“ припаѓаат на категориите на нашето време и својствени се за минливите битија, а Вечен, тоа значи секогаш. Со ова име Тој се нарекува Себеси во разговорот со Мојсеј на гората; причината за тоа е што Бог во Себе има сецело битие кое не почнало да постои, а со самото тоа, нема ниту да престане. Како едно море од суштина, неограничено и неизмерливо и безгранично, зашто ги надминува границите на сите поими за времето и природата, само оцртан во умот (и тоа доста нејасно и недоволно, не само во расудувањето и познанието на она што е во Него Самиот, туку ви расудувањето за она што е околу Него) во некој облик на стварноста, што бега од нашето познание пред да го уловиме и, лизгајќи се од нас пред и да сфатиме, осветлувајќи го во нас она што е владичествено и доколку, секако, е чисто, само онолку колку што сјајот на молњата го осветлува небото. Ми се чини дека ова е [така], за преку она што е возможно да нѐ привлече кон Себе (зашто, совршеното е недостижно и недофатно), а преку она што е невозможно да го предизвика нашето воодушевување, та преку воодушевувањето да ја разбуди нашата желба, а преку желбата да нѐ очисти и преку очистувањето да нѐ направи боголики; и тоа остварувајќи и постигнувајќи го, да беседиме како со ближен (се осмели



### Бестелесниот се воплотува · Невидливиот станува видлив · Недопирливиот ни е достапен Безвремениот прима почеток · Синот Божји станува Син Човечки

словото смело да проговори) – ќе беседиме со Бога Кој стапува во единство со боговите кои Го познаваат во мерата во која Он ги познал Нему познатите[9].

**12.** Овој човек [Адам], украсувајќи го и дарувајќи го со слобода која ја сведочи добрината на Дародарителот, Бог го поставил во рајот (што и да означува овој рај), да биде делател на бесмртните плодови, - можеби на божествените мисли, попростите и посовршените; го поставил гол во неговата простота и неопитност, без никакво покривало и ограда; таков прилегало да биде првосоздадениот. И Закон му бил даруван, за да може да ја користи слободата. Законот се содржел во онаа заповед за тоа од кои плодови можел да јаде, а до кои не смеел да се докосне. Ова дрворо било Дрвото на познанието, но не затоа што било злонамерно засадено, ниту пак, дека Бог нè намразил (нека замолчат богоборците и нека не ја подржаваат лукавата змија); напротив, тоа би било добро за благовремена и добра употреба (затоа што, според мене, тоа дрво било познанието кон кое безопасно би можеле да пристапуваат само оние што имале восовршен опит), но лошо за сите што биле на некој начин прости и неумерени; исто онака како што тврдата храна не им одговара, ниту им користи на слабите и на оние кои им е потребно млеко (Евр 5, 12). Но, кога преку зависта на ѓаволот, а после грешката на жената која му се потчинила на искушението поради нејзината слабост и неопитност (О, слабост моја! Слабоста на моите прародители е и моја слабост), човекот заборавил на добиената заповед и бил совладан од горкото искушување: тогаш, преку гревот тој бил прогонет, и едно време бил оддалечен и од дрвото на животот, и од рајот, и од Бога; тогаш тој се облекол во кожна облека (веројатно во грубото, смртно и непријателски настроено тело), и за прв пат го познал сопствениот срам, па се скрил од Бога. Токму тогаш тој добива нешто ново, односно смрт – како препрека на гревот, за злото да не стане бесмртно. На тој начин, во тоа сум убеден, Бог нанесува казна.

**13.** И, за да биде очистен на многу начини (оти, многу биле и неговите гревови, чии зли причини биле разновидни), преку збор, преку Закон, преку пророци, преку снисходење, преку закани, преку чуми, преку води, преку пожари, преку војни, преку победи, преку порази, преку знаци на небесата и земјата и моријата, преку необични преврати во судбината на луѓето, градовите и народите (а сето ова се случувало за да се исправат согрешенијата), на крај, му било потребно едно посилно лекарство, зашто гревот станал многу голем: човекоубиства, прељубодејствија, кривоверства, противприродни прегрешенија, и последно, а сепак меѓу сите зла прво и наголемо зло – идолопоклонство и поклонување на создаденото наместо на Создателот. Поради сето ова била потребна поголема помош, та Бог им го дал најцелисходниот начин. Односно, Лично Словото Божјо, Оној Кој е пред сите светови, Невидливиот, Недостижниот, Бестелесниот, Почетокот од Почетокот, Светлината од Светлината, Изворот на живот и бесмртност, Иконата на првообразната Убавина, непоместивиот Печат, неизмерното обличие, одредението и Словото на Отецот добило Свое обличие, носи тело поради нашето тело, се соединува со разумна душа поради мојата душа, подобното со подобно го очистува, станува човек во сè, освен во гревот. Се зачнува во утробата на Дева (Лк. 1,35), чија душа и тело се предочистени од Духот (требало, значи, и раѓањето да се почитува, а уште повеќе девството да се сочува), Тој, Кој од неа призлегол со од Него прифатената[10] – Бог е, Една Личност од две природи, од тело и Дух, од кои првата е обожена од втората. О, нова мешавино!? О, чуден составу!? Оној Кој вечно Е, започнува да постои; Нестворениот се создава; Несместливиот станува сместлив низ разумна душа која посредува меѓу божествената природа и грубата телесност; Богатиот осиромашува – до мојата телесност, како јас би се збогатил со Неговото божество;

Полнотата се излева, но не на долго, во славата Своја, за јас да станам соучесник и причесник на Неговата полнота. Какво е само ова изобилство на милосрдие! Каква ли е оваа тајна за мене! Добив удел во обличјето Божјо; не го сочував; Тој прима од моето тело за и обличјето да го спаси, и телото да го обесмрти! Со нас стапува во второ заедничарење кое е многу повозвишено од првото, оти тогаш ни го дарува подоброто, а сега Самиот прима од полошото. Ова е многу побогоподобно од претходното, ова е многу подуховно во очите на разумните луѓе.

14. Што имаат да кажат за ова клеветниците, оние што зломудруваат за Бога, одрекувачите на она што е достојно за пофалба, оние кои при светлина од темнина се обземени, при Мудрост се непознавачи, оние – поради кои Христос попусто умре, оние неблагодарни суштества, пород на лукавиот? Зарем поради Неговите добродејанија ќе Го обвиниш Бога? Поради нив ли е мал, што поради Тебе се смирил и понизил? Поради тоа што *Добриот Пастир кој душата своја ја полага за овците негови*[11] ѝ пришол на заблудената овца; затоа што дошол на планините и горите на кои ти си ги принесувал своите жртви и зашто го пронашол заблудениот, а наоѓајќи го, го поносел на грбот Свој и на рамењата[12] на кои и крсното дрво го зел, и така пронајдениот повторно го вовел во животот небесен, вбројувајќи го во оние кои не застраниле!? Зар е ништожен и поради тоа што *Тој запалил свеќа* – Своето тело и *го очистил Храмот* – ослободувајќи го светот од грев, и што ја нашол *изгубената драхма* – Царското обличие од страсти извалкано; и што, наоѓајќи ја драхмата, со Својата Сила ги собира сите оние кои во љубов пребиваат, и од нив прави соучесници во радоста, како такви кои ја сведочат тајната на Воплотувањето[13]? Затоа што светлозарната Светлина ѝ следи на свеќата на Претечата, на гласот, пак – Словото, на деверот – Женихот, после оној кој за Бога подготвува *избран народ*[14] и кој со вода го очистува она што е за Духот? Зарем за сето ова е виновен Бог? Поради ова ли Го сметаш за низок, затоа што со убрус[15] се опашал и што им ги измил нозете на Неговите ученици, покажувајќи ни и нам совршен пат кон небесата – смирението? Затоа што се смирил заради нашите души и до земја се преклонил за со Себе да го возвиши она што тежеста на го фрлило долу? Тогаш, зошто не Го обвинуваш и поради тоа што јадел со митари на нивните трпези (Лк. 5,29) и дека митари Му стануваат ученици, за на тој начин и Тој да добие нешто? Што добил и остварил? Спасение на грешниците! Зарем некој ќе го обвини лекарот поради усрдноста во лечењето на раните на другите, трпејќи ја гнојната смрдеа, а сето тоа со цел на болниот да му дарува оздравување? Зарем ќе Го обвиниш Оној Кој, за да помогне во неволја, се спушта во бунарот за, *според Законот*[16], да го спаси животното што паднало во него?

15. Навистина, Тој бил испратен, но како човек со две природи; затоа Тој чувствувал и замор, и глад, и жед, и бил искушуван, и плачел – по законот на телесната природа; а, штом бил испратен и како Бог, што ни кажува тоа? Под испраќањето разбери ја волјата на Отецот Кому Тој Му ги принесува сите Свои дела, за да го потврди почитувањето на вонвременското начело и да не би се покажал како противник Божји. За Него се вели дека бил предаден, но исто така е напишано дека Сам Себе се предал[17]. Се вели дека Отецот Го воскреснал и вознесол, но исто така пишува и дека Тој Сам Себе се воскреснал и повторно се вознел на небесата[18]; првото е со благоволение, а второто е со власт. Но, ти постојано ја нагласуваш Неговата понизност, а ја премолчуваш возвишеноста. Велиш дека Тој страдал, а не спомнуваш дека тие страдања биле доброволни. Колку ли и денес уште страда Словото Божјо? Едни Го почитуваат како Бог и прават слевање, додека други Го сведуваат само на тело и прават делење. На кои од овие повеќе ќе се гневи, односно, на кои попрво ќе им го прости гревот? На оние кои учат слевање или пак на оние кои злобно разделуваат? Оти, и првите биле должни да разделат, но и другите биле должни да соединат – првите во однос на бројот, другите во однос на божествената природа. Телото Негово ли те соблазнува? Јудејците исто се соблазнија. Зарем нема да Го наречеш

Самарјанин? За она што следи понатаму ќе замолчам. Ти не веруваш во Неговата божествена природа? Меѓутоа, и бесовите верувале во неа; о ти, кој полош и поневерен си од бесовите, и понеразумен од Јудејците! Едните Неговото синовство го сфаќале како еднаквославност; другите во својот изгонител Го познале Бога, оти во тоа ги убедило Неговото трпение. А ти не ја прифаќаш ниту еднаквоста, ниту ја исповедаш Неговата Божественост. Подобро би ти било да се обрезеш и да станеш плен бесовски (да кажам нешто неразумно), отколку во необрезаност и при здрав ум да имаш злобни и безбожни мисли.



**16.** Набрзо потоа во Јордан ќе го видиш оној кој Го очистил Исус заради моето очистување или, подобро да речам, преку тоа очистување ќе Го видиш Оној Кој водата ја осветил зашто Он, Кој ги зема гревовите на светот немал потреба од очистување; ќе Го видиш Оној Кој *небесата ги отворил*[19]; ќе видиш и како за Исус сведочи со Него едносуштниот Дух Свет, и како е искушуван, и како победува, и како потоа Го опкружуваат ангелите небесни, и како *ја исцелува секоја болест и секоја мака во народот*[20], и како мртви воскреснува (о, кога и тебе би те оживотворил, тебе – умрениот во зловерие) и бесови изгонува, без разлика дали тоа го прави Сам или преку Своите ученици, и како со малубројни лебови илјадници наситува, и како по море оди, и како се предава, и како Го распнуваат, и како Тој со Себе го распнува мојот грев! Како јагне Го водат и Тој Себеси се принесува како Јереј; како човек се погребува, а како Бог воскреснува и, малку потоа, се вознесува на небесата и повторно ќе дојде во Својата Слава. Колку ме восхитува секоја Христова тајна, и секоја од нив се исполнува во моето создавање, пресоздавање и враќање кон првиот Адам!

Бог секогаш бил, секогаш е и секогаш ќе биде.

**17.** А сега те молам, прифати го зачнувањето и потскокни, ако не како Јован во утробата на својата мајка, тогаш како Давид при носењето на Кивотот; почитувај го она поради кое и ти си запишан на небесата; поклони се на Рождеството Христово преку кои си се ослободил од оковите на твоето раѓање; воздај му чест на малиот Витлеем кој во рајот те вратил; клекни пред јаслите низ кои и тебе, безимениот, Словото Божјо те превоспита. Познај Го (ти заповеда Исаија) како што *волот го знае својот господар*, и како што *магарето ги знае јаслите на својот господар*[21]. Му припаѓаш ли на соборот на чистите и по Законот одредени за угодна жртва, или пак на збирот нечисти кои не се јадат[22], ниту се



принесуваат како жртва, станувајќи така наследство за безбожниците? Оди по ѕвездата, принеси дарови со мудреците – злато, ливан и смирна – како на Цар и како на Бог, и како на за тебе умрен; прославувај заедно со пастирите, ликувај со ангелите, запеј со архангелите; заедно нека слават небесните и земните сили. Убеден сум дека сите небесни сили заедно со нас сега се радуваат и слават; тие се многу почовекољубиви и побогољубиви, ако што и Давид ни сведочи, и се вознесуваат со Христа по скалилата на Неговото страдание и пресретнувајќи Го додека едни на други повикуваат „*отворете ги, порти!*“[23]

**18.** Единствено ова треба да го замразиш од времето на Христовото Рождество – иродовото убивање на децата (Мт 2,16); подобро вака да речам: во тој настан почитувај ја жртвата на Христовите врсници по раѓање, оти таа ги наговестила убиствата што следеле. Ако Христос бега во Египет, и ти брзај натаму, по Него. Добро и велико нешто е да се бега со прогонетиот Христос. Ако се задржи во Египет, повикај Го оттаму и укажи Му го должното поклонение. Слободно упати се низ сите години Христови. Како Христов ученик очисти се, обрези се, тргни го од себе убрусот со кој од раѓање си покриен; поучи се од примерот во храмот и растерај ги трговците со светињата. Ако треба, истрпи ги и каменувањата, оти знам дека ќе бидеш недостапен за нив и слободно ќе се протнеш меѓу нив, како Бога; камен не го убива словото. Ако пред Ирод те доведат, ништо не му одговарај (Лк. 23,9). Твојот молк ќе го почитува повеќе од долгите објасненија на другите. Ако те бичуваат, не го отфрлај ниту другото: помини низ вжештеното железо, напиј се од оцетот, не бој се од плукањето, прими шамари и биење. Овенчај се со трње – суровоста на богоугодниот живот; облечи се во пурпурна облека, прифати го стапот од трска, дозволи пред тебе да се клањаат, исмевајќи ја вистината. На крајот, распни се, умри и биди погребен со Христа за со Него заедни и да восреснеш, и прославен да бидеш, и да се зацариш гледајќи во Бога и во сето Негово величие, и преку Него да Го видиш и познаеш Бога во Троица, Кому се поклонуваме и Кого Го славиме, на Кого Му се молиме и сега да ни покаже колку што е можно за нас, во тело поробените, да Го познаеме во Исуса Христа, нашиот Господ. Нему слава во веки. Амин.

[1] Пс. 96,1,11.
[2] Мт. 4,16; II Кор. 5,17.
[3] Пс. 47,1; Ис. 9,6.
[4] Мт. 3,3.
[5] Евр. 13,8.
[6] Еф. 4,22, 23; I Кор. 15,22.
[7] Рим. 5,20.
[8] Рим. 13,13
[9] I Кор. 13,12.
[10] Човечка природа.
[11] Јн. 10,11.
[12] Лк. 15,45.
[13] Лк. 15,89.
[14] Тит 2,14.
[15] Јн. 13,45.
[16] Изл. 23,2; Лк. 14,5.
[17] ср. Рим. 4,25; Еф. 5,2, 25.
[18] ср. Дела 3,15; 1,1;I Сол. 1,14; Еф. 4,10.
[19] ср. Јн. 1,29; Мк. 1,10.
[20] Мт. 4,23
[21] Ис. 1,3.
[22] Лев. 11,41-42.
[23] Пс. 23,7.

ТЕМА

# ОБОЖЕНИЕТО НА СВЕТИТЕ КАКО ИКОНА НА ЦАРСТВОТО БОЖЈО



Јован, Митрополит Пергамски

Темата на светоста се однесува на еден од најзначајните проблеми на нашето време. Дури и самиот збор „свет“ или „светост“ нѐ упатува кон нешто сосем туѓо и неврзано со нашето време, нашата култура и потрагата на современиот човек. Кој од денешните родители има амбиција своите деца да ги направи свети луѓе? Кое наше училиште или образовна установа ја негува светоста и ја истакнува како образовна визија и цел? Среќниот човек денес, идеалот на современото образование и култура, не е веќе ниту „добриот“ човек од класичните времиња. Тоа е оној кој заработува пари, живее комфорно и има добра општествена положба и углед.

Тоа од своите деца го бараат родителите, кон тоа се насочени нашите образовни системи, тоа го негуваат информативните средства, за тоа сонува мнозинството млади денес. Навистина! Во едно општество кое како свој најсериозен проблем ја доживува невработеноста и со кое владее паниката како да се зголеми заработката и капиталот, зборувањето за свети(тели) и светост претставува провокација, ако не и повик за потсмев и исмевање. И навистина, светоста претставува една заборавена визија. Заборавена, затоа што некогаш постоела. Зашто, таа ја вдахнувала нашата култура/цивилизација, односно целиот општествен живот. Нашите луѓе некогаш живееле со светители од нив ја добивале мерата на својата култура/цивилизација. Светителите биле херои, тие големи шампиони, познати фудбалери и ѕвезди во своето време. Сега ни останаа само имињата на нашите светители, па дури и тие се осакатени и изменети на што поинаков начин. Затоа луѓето веќе полесно се определуваат да го слават не споменот на нивните светители, туку своите лични родендени.

Во едно такво време, човек се прашува што да каже за светителството. Попусто ќе падне зборот. Но, од друга страна, ако да не зборуваме за нешто што е толку централно и темелно за животот на христијанинот? Затоа што, нашата вера без светителите престанува да биде вера. Затоа што, ако ја заборавиме светоста, од Црквата нема да остане ништо. Во тој случај, нејзиното поистоветување со светот, нејзината секуларизација, стануваат неизбежни. Меѓутоа, светоста не е само заборавена. Кога денес се зборува за неа, таа е и погрешно сфатена. Токму тука се наоѓа особеното значење на темата на ова предавање. Што значи светоста, ако на нејзе гледаме како осликување на Царството Божјо, како доживување и предвкус на последните нешта, на есхатонот?

## За погрешно сфатената светост

Доколку некој ги праша случајните минувачи на улица што, според нив, претставува светоста, одговорот што речиси сигурно ќе го добие, отприлика гласи вака: „Свет е оној човек кој не прави гревови, кој го исполнува Божјиот закон, кој е морален од секој аспект; со еден збор, оној којшто не греши.“ Во одредени случаи, на поимот за светоста се придава мистичен елемент, според кој светител е оној кој има внатрешни доживувања на комуникација со Бога, паѓа во екстаза и гледа нешта што другите луѓе не ги гледаат. Накратко, живее во некаква натприродна состојба и прави натприродни дела. На тој начин, поимот за светоста во мислењето на луѓето е изгледа поврзан со морални и психолошки критериуми. Колку повеќе добродетели поседува, толку посвет е. И што е поголем харизматик, и покажува способности какви што обичните луѓе немаат (на пр. ги чита нашите мисли, ни ја предвидува иднината), тоа уште повеќе нè убедува да го сметаме за свет. Истото важи и за спротивното: кога и да забележиме некаква маана во нечиј карактер или однесување (многу јаде, се лути, итн.), тогаш го бришеме од листата на светите. Или пак, доколку не пројави натприродни способности на еден или друг начин, одбивна ни е самата помисла дека таквиот човек би можел да биде свет.

Ова општоприфатено поимање на светоста, видено низ призмата на Евангелието, нашата вера и предание, покренува одредени основни прашања. Да наброиме само неколку од нив:

1) Доколку светоста воглавно се состои во пазењето на моралните начела, зошто тогаш фарисејот бил осуден од Господа, а цариникот оправдан, во евангелската парабола што на сите ни е позната? Вообичаено фарисејот го нарекуваме лицемер, но реално тој не лажел кога тврдел дека верно го исполнувал Законот, дека давал десеток од она што го имал на сиромасите, и сè што Господ го барал од него, како од верен Евреин, не избегнувал да го исполни. Исто како што не лажел кога цариникот го гледал како грешник, и како цариникот самиот себеси се опишал така. Оти, навистина, цариникот бил неправеден и ги кршел моралните правила.

2) Слично прашање се појавува и од користењето на зборот „свет“ и „светии“ [=светители] од страна на апостол Павле во неговите посланија. Обраќајќи се до христијаните од Коринт, Солун, Галатија итн., Павле ги нарекува свети. Меѓутоа, во продолжението на овие посланија, тој изобличува илјадници морални пропусти кај истите овие христијани, за кои и најостро ги осудува. А во Посланието до Галатјаните се чини дека моралната положба на тамошните светители била толку разочарувачка, што Павле бил принуден да им напише: „А ако, пак, меѓу себе се гризете и јадете, пазете да не се истребите еден со друг“ (Гал. 5,15; значи: ако веќе дотолку се јадете еден со друг, внимавајте на крај да не се истребите, оти – нема да постоите). Како се случило тоа првите христијани да бидат нарекувани „свети“, кога е сигурно дека нивниот секојдневен живот не бил согласен со она што нивната вера го налагала како морал? Дали денес некој би се дрзнал да го нарече „свет“ некој од овие христијани?

3) Ако светоста е поврзана со натприродни дарови, тогаш таа би можела да се побара и најде и надвор од Црквата. Познато е и дека злите духови прават натприродни работи. Светителите не се волшебници и факири. Ниту пак, нивната светост се проценува врз основа



на поседувањето на таквите дарови. Постојат светители во нашата Црква на кои не им се припишуваат чуда. А постојат и чудотворци кои никогаш не биле признаени и прогласени за свети. Во врска со тоа, мошне интересно е она што го пишува апостол Павле во своето Прво послание до Коринтјаните кои, како и многумина денес, се воодушевувале од натприродните нешта. Тој пишува: „Ако имам таква силна вера, што и планини да преместувам, а љубов немам - ништо не сум“ (13,2). Да ѝ се нареди на една планина да се премести, рекол Господ, е можно ако имаш вера колку синапово зрно. Но, тоа не е показател за нечија светост. Тоа е ништо, „ништо“, ако не постои предусловот на љубовта, значи – нешто што било кој човек, без чудотворни способности, може да го има. Чудотворството и светоста не се поистоветуваат, ниту е неопходно да одат заедно.

4) Слични прашања се појавуваат и од поврзаноста на светоста со необичните и душевно-психичките искуства. Многумина денес се засолнуваат во источните религии за таму да сретнат дематеријализирани гуруа, луѓе со исклучителна самодисциплина, подвиг и молитва. Нашата Црква таквите не ги смета за свети, без разлика колку и да се длабоки и натприродни нивните искуства, колку и да е значајна, доколку е, нивната добродетел.

Така, на крајот се поставува прашањето: постојат ли светители надвор од Црквата? Ако зборот „свет“ го означува она што денешниот свет вообичаено го подразбира, и што го опишавме погоре – значи, морален живот, натприродни дарови и натприродни искуства - тогаш би требало да признаеме дека постојат светители и надвор од Црквата. Можеби дури и почесто отколку внатре во неа! Доколку пак, сакаме да кажеме дека светоста е возможна единствено во Црквата, тогаш треба и значењето и смислата на светоста да ја побараме одонде критериумите што погоре ги наведовме. Значи, од онаа страна на моралното совршенство и натприродните сили и искуства. Значи, да видиме како нашата Црква ја сфаќа светоста.

## Светоста како црковно искуство

Изразот „Agios” (Αγιος, „свет“) има една интересна историја. Коренот на зборот во грчкиот јазик е ag-, од кој се создаваат голем број зборови како agnos, to agos итн. Подлабокото значење на овој корен го изразува глаголот asethai, што значи трепен кон некоја скриена и страшна сила (на пример, кај Есхил), почит кон нејзиниот носител (кај Хомер) итн. Така, во древниот елинизам, светоста била поврзана со моќта, со тоа што Рудолф Ото во неговата позната книга за поимот на светото („Das Heillige”) го нарекува misterium fascinandum et tremendum (она што истовремено предизвикува привлечност и страв).

Во Стариот Завет семитскиот збор за светост (сроден со асирсиот збор) означува: сечам, разделувам, коренито разликувам, очистувам (оттука и врската со чистотата и невиноста). Светите предмети се оние кои се одделени од останатите – особено во богослужението – и се посветени на Бога. Така и Светото Писмо оди понатаму од психолошкото значење кое го среќаваме кај старите Грци – трепет, стравв, почит кон една виша сила – и поимот на светоста го поврзува со апсолутата инаквост, со апсолутно Другиот [Инаквиот]. Тоа на крај го води

Светото Писмо кон поистоветување на светото со Самиот Бог. Оттука, во својата апсолутна оностраност во однос на космосот, Свет е само Бог. И само од Него и од односот со Него произлегува секоја светост. За да се искаже оваа вера со посебен акцент во Стариот Завет - особено кај пророкот Исаија, кој е означен ако пророк на Светоста Божја – Бог трипати се нарекува: „Свет, Свет, Свет Господ Саваот", што во форма на еврејското трострукo повторување значи бесконечно свет. Знаеме дека во еврејскиот јазик, кога еден број се повторува три пати, преку тоа се укажува на бесконечноста на тој број; на пр. бројот 7, кој за Евреите е совршен број, кога три пати се повторува, тој означува бесконечност на совршенството. Како што на сите ни е познато, бројот 666 е три пати бројот 6, што укажува на нешто што сака да постигне совршенство, но не може. Тоа е бесконечно неспособно да достигне до совршенството. Се мисли на антихристот.

На тој начин, според Светото Писмо светоста се поистоветува со Бога, а не со човекот или со светите предмети, како во стариот елинизам. На некој начин станува личност; уште кај Светите Отци на Црквата тоа трострукo „Свет" се поистоветува со Света Троица, со Која Светите Отци го поистоветуваат трострукото „Свет" на пророк Исаија.

Според тоа, за христијанската вера светоста не е човекоцентрична, туку богоцентрична, и не зависи од моралните постигнувања на човекот, колку и да се тие значајни, туку од дарот и благодатта Божја и од степенот на нашиот личносен однос со Личносниот Бог. Поради оваа причина и Богородица се нарекува Пресвета (Υπεραγια), не толку заради своите добродетели, туку затоа што повеќе од било кој друг личносно се соединила со Светиот Бог, давајќи Му тело и крв на Синот Божји. Оттука, светоста за Црквата не е нешто што некој индивидуално го поседува, па колку и да биде некој свет во својот живот, туку тема на личен однос со Бога. Бог, по Својата слободна волја, го осветува оној кого сака, до таа мера што ова осветување не зависи од ништо друго, освен единствено од слободната волја на Бога и осветениот. Како што нагласува свети Максим Исповедник, ние како луѓе не придонесуваме никако поинаку освен преку нашиот слободен избор, без којшто Бог не делува. А нашиот труг и подвиг не ја произведуваат светоста како резултат, затоа што тие можат да се покажат како безвредни трици.



Оваа поистоветеност на светоста со самиот Бог во христијанската вера води до нејзиното поврзување со самата Слава Божја. Светоста значи целиот свет да Го прослави Бога. Не случајно првата молба од Господовата молитва „Оче наш" не е никоја друга, туку: „да се свети името Твое." Ако земеме предвид дека оваа молитва е есхатолошка, дека се однесува на конечната состојба на светот, тогаш е јасно дека она што го бараме во „Оче наш" е Бог да биде прославен од целиот свет, да дојде момент кога

целиот свет, заедно со Херувимите, ќе го рече она што го видел и слушнал Исаија во визија: „Свет, Свет, Свет е Господ Саваот, исполнето е небото и земјата со Славата Твоја. Осана во висините.“

**ЗА ХРИСТИЈАНСКАТА ВЕРА СВЕТОСТА НЕ Е ЧОВЕКОЦЕНТРИЧНА, ТУКУ БОГОЦЕНТРИЧНА, И НЕ ЗАВИСИ ОД МОРАЛНИТЕ ПОСТИГНУВАЊА НА ЧОВЕКОТ, КОЛКУ И ДА СЕ ТИЕ ЗНАЧАЈНИ, ТУКУ ОД ДАРОТ И БЛАГОДАТТА БОЖЈА И ОД СТЕПЕНОТ НА НАШИОТ ЛИЧНОСЕН ОДНОС СО ЛИЧНОСНИОТ БОГ.**

Светителите, оттука, не ја бараат својата слава, туку само славата Божја. А Бог ги прославува светите, не со нивна слава, туку со самата Своја слава. Карактеристично е што во византиската иконографија светлоста паѓа на светителите однадвор, а не се испраќа од нив (тоа го анализира и на тоа инсистира о. Стаматис Склирис и ова негово богословско запазување е многу значајно). Ова има особено значење за обожението на светите. Како што било искристализирано за време на исихастичките спорови од XIV век, наспроти западното богословие кое говорело за создадена благодат, односно благодат и Слава кои ѝ припаѓале на самата човечка природа, од Бога дадена при создавањето. Православното богословие, онака како што го развил св. Григориј Палама и другите исихасти од негово време, Светлоста која ја гледаат светителите и Славата што ги окружува, ја сфаќа како нестворени енергии Божји. Односно, како Светлина и Слава на самиот Бог. Оттука, вистински светител е оној кој на ниту еден начин не ја бара својата слава, туку само Божјата. Кога некој ја бара својата слава, тој тогаш ја губи светоста оти, на крајот од нештата, не постои друг кој е свет, освен Бога. Светоста значи учество и заедница во светоста Божја – конечно, тоа значи и обожение. Секоја светост којашто се заснова на нашите добродетели, на нашиот морал, нашите способности, нашиот подвиг итн. е демонска и нема никаква врска со светоста на нашата Црква.

Од овие забелешки станува јасно дека изворот на светоста се наоѓа во Божествената Евхаристија. Да ја проанализираме малку оваа теза. Рековме дека не постои друга светост освен Божјата, и дека светителите не располагаат со својата светост, туку учествуваат во Божјата светост. Ова значи дека во Црквата нема други свети освен оние кои се осветени. Кога во IV век настанале силни расправи околу божјата природа на Светиот Дух, главниот аргумент на св. Атанасиј Велики, кој докажувал дека Светиот Дух е Бог а не твар, бил дека Светиот Дух не бива осветен, туку Тој осветува. Кога Тој би се осветувал, би бил твар, бидејќи созданието, а со тоа и луѓето, не осветуваат, туку се осветуваат.

Во својата Првосвештеничка молитва, којашто е сочувана во Евангелието по Јована (и кое е прво Евангелие кое го слушаме на Велики четврток), Христос кон Отецот ја упатува длабоката реченица: „За нив (за учениците, а со самото тоа, и за луѓето) се посветувам, та и тие да бидат осветени преку вистината“ (Јн. 17,19). Овие зборови се изговорени пред страданијата и се поврзани со Тајната вечера. Нивната содржина е следна: Христос со својата жртва како Бог се осветува себеси како човек, за и ние да се осветиме заедничарејќи во Неговото тело и крв. Со нашето учество во Светата Евхаристија се осветуваме, односно стануваме свети причестувајќи се со Единствениот Свет – Христос. Можеби не постои [друга] толку откровенска точка во животот на христијанинот околу тоа што е светоста од свештеничкиот возглас кога го крева чесното Тело пред Светото Причестување: „Светињата е за светите.“ Значи, телото и крвта Христови се Светињи и им се нудат на светите, на членовите на Црквата како заедница. Одговорот на овој возглас е потресен, и го содржи токму тоа што го рековме погоре. Што одговара народот – „Еден е свет, еден е Господ[ар], Исус Христос, во Слава на Бога Отецот.“ Само еден е свет, Христос. Ние сме грешни. А Неговата светост, во која сме повикани, ние грешните, да учествуваме, не нè

насочува кон ништо друго, освен на Славата Божја („во Слава на Бога Отецот“). Во тој момент Црквата ја доживува светоста во нејзиниот врв. Исповедувајќи дека „Еден е свет“, секоја наша добродетел и секоја наша вредност се поништуваат пред светоста на Единствениот Свет. Тоа не значи дека кон Светата Причест треба да пристапуваме без подготовка и борба за нашето достојно причестување. Меѓутоа, значи дека колку и да се подготвуваме, не стануваме свети пред да се причестиме. Светоста не ѝ претходи на евхаристиската заедница и Причест, туку ѝ следува. Доколку сме свети пред да се причестиме, тогаш чуму ни е Светата Причест? Само и единствено учествувањето во светоста Божја нè осветува и нас. И тоа е токму она што Светата Причест ни го дава.

Од оваа забелешка произлегуваат низа вистини поврзани со нашата тема. Првата, дека на овој начин сфаќаме, како што наведовме на почетокот од нашето излагање, зошто во посланијата на апостол Павле сите членови на Црквата се нарекуваат свети, и покрај тоа што [нив] не ги карактеризира морално совршенство. Бидејќи за луѓето светоста значи учество во Божјата светост, како што таа ни се дава во Христа, Кој поради нас се осветува себеси во Својата Црква, [тогаш] сите членови на Црквата кои учествуваат во ова осветување може да се наречат свети. По истата логика, во црковниот јазик уште од првите векови, и елементите од Евхаристијата го добиле називот „светињи“.

Светата Евхаристија е врв на осветувањето не само затоа што на човекот му дава најсовршено и најпотполно единство, телесно и духовно, со Единствениот Свет, туку затоа што преку нејзе најсовршено се отсликува Царството Божјо. Односно, онаа состојба во која „Свет, Свет, Свет Господ Саваот“ вечно и непрекинато ќе се прославува од целото создание.

## Светоста како отсликување на Царството Божјо

Господовата молитва „Оче наш“, чиј карактер е очигледно есхатолошки, како што рековме, уште на почетокот остава впечаток со тоа што по прозбата „да се свети името Твое“, следи: „да дојде Царството Твое.“ Многу истражувачи сметаат дека, во суштина, овие две прозби означуваат една иста работа. Осветувањето и Царството Божјо не само што се меѓусебно тесно поврзани, туку би можеле да речеме дека и се поистоветуваат. Она што го бараме од Бога во молитвата „Оче наш“ е да дојде Неговото Царство во светот, така што сите луѓе и сето создание би можеле да Го прославуваат и да Го препознаат како свет Единствениот Свет Бог и да учествуваат во Неговата Светост и Слава. Оттука, Светоста и Царството Божјо взаено се поистоветуваат и објаснуваат. Обожението е незамисливо без Царството Божјп и осветувањето преку учеството во Светоста Божја.

.........................................................................

Се враќаме во истиот круг: Светоста – Царството Божјо – Светиот Дух – Црквата – Светата Евхаристија. Во овој круг треба да се смести обожението на светите. Надвор од него не постои светоста според православното богословие, светоотечкото богословие. Токму поради тоа што единствено во овој контекст може да се замисли обожението на луѓето и светот, светиот Максим на Царството Божјо и обожението на светите гледа, на еден начин кој не остава место за сомнеж, како на еден вечен продолжеток на Светата Литургија, а Светата Литургија како на една икона [слика] на Царството Божјо во времето и просторот.

.........................................................................

Светителите, откако достојно учествуваат во Светата Евхаристија, стануваат богови по благодат и го отсликуваат Царството Божјо.

Меѓутоа, што значи тоа отсликување и како е поврзано со нашето секојдневно историско искуство? Поимот на иконата [сликата] е од големо значење за православното богословие. Не

мислам само на иконата на Христос или светителот што ја целиваме во нашите цркви, туку воопшто, на поимот на „иконизмот“ [отсликувањето]. Во православната Црква сѐ е отсликување. Освен светите икони, и секое чинодејствие, движење и личност во светото богослужение е икона. Светиот Максим сите овие нешта ги нарекува икони, како и сето она што се случило и се случува во историскиот живот на Црквата. Сѐ е слика на идните нешта кои ќе ја сочинуваат вистината на овие слики од историјата. Значи, вистината се наоѓа во иднината, во Царството Божјо. Во историскиот живот на Црквата сѐ е слика на идното [нешто]. Светителите кои ги сликаме на нашите икони не се фотографии од нивниот историски изглед; затоа на иконите немаме светители [претставени] како што само изгледале во нивниот историски живот, туку [и] како што ќе изгледаат, по вдахновението на Црквата, во иднината, потопени во нестворената Светлина и Слава Христова на вистински начин. Епископите, на Светата Литргија, се икони на Христа – Царот, како што ќе дојде во Царството Свое, и затоа носат светли одежди и седат на престолот и имаат власт. Само оние коишто го изгубиле јазикот и логиката на иконизмот – што, за жал, денес насекаде низ православието се случило – се соблазнуваат од овие работи. Сите симболизми и движења во Литургијата се икони на последните нешта, како [на пр.] Малиот и Великиот вход, и сето тоа што на тој начин го толкува свети Максим.

Во православната богослужба нема симболизам што упатува на нашето историско или физичко [природно] искуство, туку само на есхатолошката стварност на Царството. Тоа што сите стварности во Црквата се икони не значи дека не се стварни, т.е. дека се работи за фантазија или вообразување. Низ целиот период на иконоборството, бранителите на светите икони се осланувале на аргументот дека, бидејќи Синот Божји се воплотил и станал историска Личност, оттогаш сето она што се случува околу Неговата Личност го иконизира [отсликува] Неговото конечно, есхатолошко присуство на еден реален, а не вообразен начин. Така, иако Христовата и Божја Светост ќе се открие во Неговото Царство, самиот нејзин иконизам во сегашниот живот учествува онтолошки; [светоста] нѐ упатува на вистината на идното семиолошки или метафориски. Поради таа причина и иконите на Светите ја пренесуваат и предаваат благодатта од оние последни нешта (есхата) кога побожно ги целиваме, како и нивните свети мошти, а исто така и епископите и свештениците, кога ја целиваме нивната десна рака, кога нѐ благословуваат, итн. Сето тоа, како икона на Царството, учествува во неговата стварност и вистина.

Светителите, значи, во сегашниот живот живеат со силно исчекување на Царството Божјо. Под удар се на злото, повеќе од другите се борат со демоните, повеќе од било кој друг поднесуваат и се соочуваат со умртвувањето и смртта која сѐ уште го погодува созданието. И што е поважно, заедно со св. Антониј Велики, веруваат дека сите други ќе одат во рај освен нив. Преку зборовите на еден наш современ светител, Силуан Атонски, „го чуваат умот во адот и не очајуваат.“ Светоста секогаш минува низ мачеништво и низ искрено признавање на својата ништожност, оставајќи место за Единствениот Свет и за Неговото Царство. Светоста не се заснова на нашата моралност или достојност, и на другите гледа како на идни наследници на Царството Божјо. Како на светители. Во секој грешник светителот гледа светител. И кој знае, можеби и овој [грешник], како и разбојникот на Крстот, ќе се најде во Царството Божјо. Доживувајќи го иконизмот на Царството, светителот ја доживува љубовта. Значи, она што, според апостол Павле, единствено „останува.“



# Свети Арсениј Кападокиски

Преподобниот и праведен отец наш Арсениј Кападокиски се родил околу 1840 година во седно село во Кефалохори, во кападокиската област Фараса. Неговите родители биле добродетелни и побожни христијани, кои на овој свет довеле две машки чеда, Власиј и Теодор (кој подоцна ќе биде наречен Арсениј).

Децата уште како мали останале сирачиња и за нив се грижела нивната тетка. Малиот Теодор се разболел, но на чудесен начин бил излечен од светиот победоносец Георгиј. Исцелението на едното од двете братчиња засекогаш ги сменило нивните животи: Власиј Го прославувал Бога во својот живот така што подоцна станал наставник по византиско пеење, додека Теодор одлучил да се замонаши.

Растејќи, Теодор се преселил во Нигди, а подоцна и во Смирна, за да го продолжи неговото образование.

Кога наполнил дваесет години, тој пошол во еден манастир посветен на светиот Јован Крстител, каде што се замонашил и го добил името Арсениј. За жал, околностите не му дозволиле да се посвети на безмолвие, бидејќи во тоа време имало голема потреба за учители, па митрополитот Паисиј го ракоположил за ѓакон и го испратил во Фараса да поучува сиромашни деца. Секако, сето ова се извршило во голема тајност и претпазливост, затоа што Турците не требале да узнаат што се случува.

Набрзо откако наполнил триесет години, јероѓаконот Арсениј бил ракоположен за презвитер и издигнат до архимандритско достоинство, добивајќи и благослов за духовно раководење. Со помош на Божјата благодат што му била предадена тој ги лекувал душите и телата на страдалниот народ. Во него горела љубовта кон Бога и кон Неговата икона, човекот. Маките на кои било изложено христијанското население многу го жалостеле, но тоа не го спречило подеднакво да ја исцелува болката како на христијаните, така и на муслиманите. Светиот Арсениј во секој човек гледал икона Божја, со љубов образувана. Помагал на сите колку што можел – се молел за нив, над слепите, и немите, и фатените, и демоноопседнатите им читал Евангелие положено врз нивната глава, и штом завршел, веднаш се исцелувале, или им бивало подобро. Кога му се обраќал човек со мака за која немало молитва во книгите, го користел Псалтирот. Многумина се исцелиле земајќи од земјата од прагот на неговата келија, која ја промешувале во вода, и со голема вера ја пиеле, убедени во скорото исцеление кое секако го добивале. Толкава била нивната вера и увереност во светоста на високопреподобниот Арсениј. Му нуделе пари и дарови како благодарност, а тој постојано им одговарал: „нашата вера не е за продавање", и никогаш не прифатил од понудените дарови.

Неговата келија била едноставна, неукрасена, и се наоѓала во светот. Живеел во светот, но истовремено живеел надвор од него. Во ова му помогнало неговото правило според кое секоја среда и петок се повлекувал од светот и со часови стоел на молитва, молејќи се за луѓето кои Бог му ги доверил. Насекаде чекорел бос, и особено ги сакал животните, внимавајќи да не повреди ниту едно од нив.



За да го скрие својот добродетелен живот од очите на луѓето, и да побегне од нивните пофалби, се криел позади маската на строг, налутен и избувлив човек кој ги прекорувал жените кои пак, од љубов и благодарност кон него, се труделе да му готват и да му помагаат. На еден близок пријател му открил: „Да сакав да ме служат жени, ќе се оженев и мојата жена сега ќе ме служеше. Монахот кому му служат жени не е веќе монах...“

Жителите на Фараса имале обичај да речат дека не ги интересираат лекари: „Кога си имаме некаква мака, одиме кај Хаџиефендијата“ (така го нарекувале светиот Арсениј).

Покрај дарот за исцеленија, тој имал и пророчки дар. Со духот знаел дека неговиот народ ќе биде иселен од Мала Азија, и брзал да ги покрсти сите некрстени новороденчиња. Самиот, во поодмината возраст, ги повел жителите од неговата област кон новите живеалишта, пеш изодувајќи над шестотини километри. Претскажал и дека ќе се упокои четириесет дена по пристигнувањето во Грција, што и се остварило. Три дена пред упокојувањето му се јавила Пресвета Богородица, и чудесно го одвела на Света Гора, благословувајќи му да се поклони во црквите кои многу сакал да ги посети, а не можел. Уште и му наговестила дека за три дена ќе се претстави пред Господа, Кого цел живот Го љубел и Му служел. Во блажено успение се упокоил на 10/23 ноември 1924 година, а шеесет и две години подоцна, на 11 февруари 1986 година Вселенската Патријаршија неговото име го допишала во диптихот на светите.

Неговото духовно чедо и кумашин, старец Паисиј Светогорец, го запишал неговото житие, како и бројните чуда кои се случиле за време на неговиот свет живот, но и по блаженото упокојување. Во 1958 старецот ги пренел чесните мошти на св. Арсениј од Крф во Коница, а подоцна, во 1970г. и во манастирот на св. Јован Богослов во Суроти, во близина на Солун. Неговите мошти постојано чудотворат. Многубројни се случаите при кои болни од рак се исцелуваат, и неплодни родители добиваат рожби како дар од Бога.

# Свети праведен Алексеј Московски и неговиот син, свештеномаченикот Сергеј

*„Дојдете на гробот на овој велик пастир,
пастир на Руската Црква,
и од него поучете се како да бидете
пастири во светот...“*

Овие зборови биле кажани на погребението на светиот протојереј Алексеј Мечев, кој е редок пример на брачен свештеник со дар на прозорливост. Овој дар му овозможил да ги исцелува бројните измачени души, според преданието на великите Оптински старци, чиј духовен потомок бил отец Алексеј. И, како и праведниот Јован Кронштадтски (уште еден од неговите учители), овој опитен лекар делувал среде една голема митрополија, со сите искушенија кои таквиот живот можел да ги донесе. Макар што неговото житие сè уште не е напишано, од спомените на неговите духовни чеда ни се открива човек со пребогат пастирски опит, и совети од кои и ние, денес, можеме да се поучиме.

Отец Алексеј се родил во 1860 година, како син на хороводителот на хорот на св. Филарет, митрополит Московски. Неговото семејство живеело во скромни услови. „Никогаш немав своја соба“, се сеќавал отец Алексеј: „Сиот мој живот го поминав со луѓе околу мене!“ Според единственото зачувано писмо од преписката со неговата сопруга Ана, може да се заклучи дека бил среќно оженет; имале неколку деца, но набргу таа се упокоила. Од децата само неговиот син Сергеј, кој станал свештеник и завршил со свештеномаченичка смрт (во 1941 година) останал во блиски односи со отец Алексеј.

Пастирствувањето на отец Алексеј не било лесно. Пишувајќи за првите години од неговата свештеничка служба, тој раскажува: „Цели осум години служев Литургија секој ден во празна црква. Еден протојереј ми рече: ‘Кога и да поминам покрај твојата црква, камбаните бијат. Еднаш влегов внатре, и гледам – нема никого. Ништо нема да направиш. Камбаните бијат попусто.’“ Но, отец Алексеј упорно продолжувал да служи – и народот започнал да доаѓа. Многу народ се слевал во црквата, и оваа приказна светиот Алексеј ја кажувал секогаш кога го прашувале како да се изгради една парохија. Неговиот одговор секогаш бил: „Моли се!“



Едно од неговите духовни чеда пишува: „Во домашните работи отец Алексеј беше целосно едноставен и скромен. Во неговата мала работна соба имаше едно чудо книги – отворени, затворени, писма, многу просфори на масата, здиплен епитрахил, а до него крст и Евангелие, и малечки икони. Општиот хаос ја означуваше зафатеноста на свештеникот, тоа значеше дека тој нема слобоно време, и дека некој секогаш го чекаше некаде – дома, на улица, в црква – некаква голема задача на која ѝ беше потребна неговата љубов и саможртва.“

Главната порака на отец Алексеј била: „Живеј за другите, и ти самиот ќе бидеш спасен.“ Честопати велел: „Да се биде со луѓето, да го живееш нивниот живот, да се радуваш со нив, да тагуваш со нив... тука лежи значењето и животот на еден христијанин, особено на еден пастир.“

Животот на праведен Алексеј бил предаден на служба на другите. Како што сведочат неговите духовни чеда, „пред неговиот дом имаше редици од работници и загрижени луѓе од рано наутро. А батушка успеваше да зборува со сите нив, да ги ислуша, да ги утеши... Никогаш не беше сам. Секогаш имаше луѓе околу него. Само еднаш или двапати ми рече дека сака да биде малку сам, но само толку, не повеќе: ‘Ајде да појдеме в манастир!’ велеше во шега. ‘Јас, ти, сите ние, заедно.’“

Луѓето, а особено интелектуалците, имале потешкотии да го сфатат и прифатат пристапот на отец Алексеј затоа што, едноставно кажано, тие не ја сфаќале основата на христијанството. Ова може да се види од примерот што го напишал Владимир С.:

„Отец Алексеј го запознав веднаш по Февруарската револуција во 1917 година. Се сеќавам дека кога прво појдов во црквата во Маросејка, многу нешта ми сметаа. Всушност, се работеше за вистински судир меѓу умот и срцето, меѓу приврзаноста кон Законот, од една страна, и длабоката љубов – која го покриваше и исполнуваше Законот – од друга страна... Ми сметаа многу работи затоа што мојата љубов кон Бога беше слаба, зашто на верата гледав како на пат кон задоволување на жедниот и љубопите интелект. Ми се допаѓаше строгиот, добро организиран и хармоничен систем од догми, уживав во убавината и универзалната сообразност на црковните обреди. Верував во Бога, ѝ бев посветен на Црквата, но имав мала љубов кон Господа. И овој ладен, рационален став кон верата постепено ме уништи, и ме доведе до тоа да го напуштам својот духовник...

Кога дојдов во Маросејка... го видов следново: еден низок свештеник со брчкаво лице и замрсена брада служеше со еден стар ѓакон. Свештеникот носеше избледена, виолетова камилавка; служеше некако забрзано и (изгледаше) невнимателно: постојано излегуваше од олтарот некого да исповеда, понекогаш зборуваше или бараше некого; самиот делеше просфора.

Сето ова, а особено исповедувањето за време на Литургијата, имаше иритирачки ефект на мене. И тоа што жена читаше Апостол, и тоа што имаше многу луѓе за Причест, и



тоа што се служеше водосвет по Литургијата... Ништо од ова не беше во склад со моето убедување дека црковните обреди мора да се служат еднообразно, дека тоа е апсолутно обврзувачки.

Но, со тек на време, јас неволно се приврзав за Маросејска; се навикнав на богослужбите, и нивното отстапување од типикот веќе не ми пречеше. Напротив, никаде не можев да се молам толку усрдно како што можев во Маросејската улица, во црквата на св. Никола. Таму човек можеше да почувствува дека и ѕидовите се исполнети со молитва, се чувствуваше заразна молитвена атмосфера што не можеше да се најде во другите цркви. Некои луѓе, дали од навика или од желба да слушаат како ѓакон кажува ектении или како пее некој хор, одат во богати и обновени цркви; а ваму, луѓето доаѓаа само поради една причина – да се помолат...

Се случуваше кај отец Алексеј да дојде човек со сложен проблем од обласпа на догматиката. Тој ќе му речеше: 'Оти ме прашуваш мене, јас сум неписмен... Ти сакаш вечно да живееш според твојот ум; треба да се обидеш да живееш како што живеам јас – според срцето.' Овој живот преку срцето ги објаснуваше неговите отстапувања во црковните богослужби. Кога разумот велеше дека е неопходно да се внимава на правилата од Типикот – да не се исповеда за време на Литургија, да не се причестуваат оние што доаѓаат после започнувањето на Литургијата или после самата Литургија, итн... – неговото срце кое гореше од љубов му дозволуваше да го занемари тоа што разумот го велеше.

Знаеше да рече: 'Како би можел да одбијам некого кога сака да се исповеда? Можеби таа исповед е неговата последна шанса, можеби доколку го одбијам ќе му ја рушам душата? Христос никого не одби, и на сите им велеше «Дојдете при Мене...» Ти ме прашуваш за Законот, а не знаеш дека «Љубовта е исполнување на Законот» (Рим. 13,10)'".

Можеби според коментарот на Владимир некој ќе си помисли дека отец Алексеј воопшто не се грижел, или немал познавање на богослужбените правила, но тоа не е точно:

„Како првокласен познавач на Типикот и богослужението, тој сè забележуваше, сè гледаше, сите грешки и испуштања од богослужбите, особено оние на младите луѓе со коишто служеше на крајот од неговиот живот (и особено сакаше да богослужи со нив). Но, оставаше впечаток како ништо да не видел ни забележал. Откако ќе поминеше некое време, во погодно време ќе започнеше да зборува за тоа. Очигледните грешки – или оние кои имаа поголемо влијание врз службата – ги поправаше сам, но на толку промислен начин што никој не забележуваше: или самиот ќе почнеше да го пее тоа што не било испеано, или ќе го стори тоа што

некој друг требало да го стори. Ова е навистина ретка особина меѓу свештенството."

Отец Алексеј често велел дека „секој човек има негов сопствен пат кон спасението. Не треба да поставуваме еден заеднички пат за сите; не треба да се бара некаква формула за спасение која би ја примениле врз сите. Луѓето се раѓаат со различни карактери, различни способности, интелекти и различна градба – и така, сите кон Христа чекорат со различен чекор, по свој пат. Поради тоа, за христијаните се подеднакво спасителни девствениот монашки живот, и животот во брак; и да се биде свештеник, но и лаик, и повикот на војникот, и повикот на судијата – сè додека Христос пребива во срцето... А задачата на старецот или духовниот отец е да го открие повикот на човекот, и да го посочи патот по кој треба да чекори кон Господа."

Со неговиот дар на прозорливост, отец Алексеј немал потреба да зборува со неговите „пациенти" за да ги открие нивните болести. А од неговите „третмани" се гледа дека овој вешт лекар бил човек „не од зборови, туку од дух, од сила":

- Изгледаше како батушка да не зборува многу; од самиот негов лик, неговата насмевка, очите, се излеваше таква нежност, такво разбирање, што самото тоа ги утешуваше и укрепуваше луѓето без ниту еден кажан збор... Всушност, како што велеше, тој ги „олеснуваше" гревовите на луѓето; ги преобразуваше луѓето од очајни, потиштени песимисти во христијани кои постојано се радуваа во Господа. Човек требаше само да погледне во неговиот поменик, во кој беа запишани стотици имиња на живи и упокоени, книгичка која постојано ја водеше со себе, и ќе сфатеше што сака да каже кога велеше „Сите ве носам тука", покажувајќи на неговото срце.

Досегот на пастирското влијание на отец Алексеј може да се види од десетиците илјади луѓе собрани на неговиот потреб. Заупокоената Литургија ја отслужил епископот Теодор Поздејев (подоцна архиепископ и новомаченик), во сослужение со осумдесет архиереи, јереи и ѓакони. Затворениот патријарх Тихон, пуштен на слобода неколку часа, се придружил на поворката и се помолил за упокоениот. Сето ова било соодветно оддавање почест на еден знаменит пастир кој за многумина бил Божји аголен камен.

СЕКОЈ ЧОВЕК ИМА СВОЈ СОПСТВЕН ПАТ КОН СПАСЕНИЕТО. НЕ ТРЕБА ДА ПОСТАВУВАМЕ ЕДЕН ЗАЕДНИЧКИ ПАТ ЗА СИТЕ; НЕ ТРЕБА ДА СЕ БАРА НЕКАКВА ФОРМУЛА ЗА СПАСЕНИЕ КОЈА БИ ЈА ПРИМЕНИЛЕ ВРЗ СИТЕ.

## СИН ДОСТОЕН ЗА СВОЈОТ ТАТКО

Сепак, Господ не ги оставил духовните чеда на отец Алексеј. Многумина од нив токму во неговиот син, младиот свештеник Сергеј, нашле достоен и подеднакво дарувен наследник.

Парохијата во Маросејка во времето кога се родил овој иден свештеномаченик, 17 септември 1892 година била сè уште малубројна. Тој се родил како четврто дете во семејство кое и онака било во лоши финансиски услови. Честиот недостиг на храна влијаел врз тоа детето да развие слаба телесна конструкција, но карактер обележан со силна волја, нешто што го наследил од неговата мајка, Ана Петровна. Нејзината рана смрт во 1901 година го погодила, но за среќа, малиот Сергеј имал добар однос со татко му, со кого и подоцна во животот ќе ја зачува блискоста.

Отец Алексеј во четвртото дете гледал свој наследник, но сметал дека момчето треба само да си го избере својот пат, и поради тоа не го испратил да учи во богословија. Сергеј одел во државно училиште и таму стекнал световно образование, додека во верата се поучувал дома и в црква, гледајќи го татка си во олатрот. Откако допломирал, го остварил својот сон и патувал во Швајцарија и Италија, а потоа се запишал на Медицинскиот факултет во Москва. Иако подоцна се префлил




на Филолошкиот факултет, тој имал стекнато доволно знаење за на почетокот од војната да работи како медицински техничар. Тогаш ја запознал и неговата идна сопруга, Ефросинија Никаевна. Се венчале во 1918г. Додека сè уште не бил решен да стане свештеник, бил активен во Црквата; учествувал во еден студентски богословски кружок и живо ги проучувал писанијата на светите отци. Како член на формираната комисија за односи со новата власт, остварувал чести контакти со патријархот Тихон, кој многу го засакал и настојувал да го ракоположи за свештеник. Сепак, одлуката да стане свештеник следувала откако поразговарал со старец Анатолиј Оптински, есента во 1918-та. Следниот април, на Велик четврток бил ракоположен од епископот Теодор Поздеев во Свето-даниловиот манастир.

Отец Сергеј служел во црквата во Маросејска до неговото апсење во ноември 1929 година. Како и другите свештенослужители, и тој не ја прифаќал Декларацијата на митрополитот Сергеј од 1927-ма, со која Црквата се ставила под контрола на властите. Тој бил обвинет за водење на против-револуциска катакомбна црква и осуден на тригодишен прогон на крајниот север, во близина на Архангелск. Неговата матушка успеала да го посети со нивните три деца (четвртото умрело како бебе), а тој одржувал контакт со неговите духовни чеда, пишувајќи им и испраќајќи им писма, од кои пет се сочувани. Бил ослободен неколку месеци после завршувањето на казната, и никогаш повеќе не бил слободен граѓанин. Второто апсење следело во март 1934 година, кога бил осуден на пет години. Неколку години се криел, се селел од едно на друго место, пред да бие погубен на почетокот од ноември 1941 година. Неговиот спомен се слави на 9 декември (26 ноември). Вброен е во соборот на руски новомаченици поради неговиот бескомпромисен став околу црковните прашања. Најпознат, пак, е по неговите пастирски обележја. Неговата парохија во Москва била единствена која ја негувала внатрешната, монашка духовност. Отец Алексеј честопати велел дека негова задача е да оформи „манастир во светот“, мислејќи на парохиско семејство кое би било водено кон истата цел на светост и обожение како и монаштвото. Овој ист принцип свештеномаченикот го сочувал до крајот на животот, иако подоцна престанал да зборува за „манастир во светот“, затоа што некои луѓе го употребувале овој термин како некој вид на заедница на тајни монаси кои живеат во светот, а имаат дадено монашки завети. Наместо него, отец Сергеј го позајмил древно-рускиот црковен термин „покајно семејство.“ Својата парохија јаословувал како „покајно-литургиско семејство.“ И со право. Како духовен раководител, тој се залагал во неговата паства да негува дух на покајание, истовремено поттикнувајќи ги сите често да доаѓаат на богослужба која, според неговото мислење, била најдоброто училиште за развој на духовен живот. Од следните неколку примери ќе можеме

подобро да го согледаме тоа.

Отец Сергеј за себе велел: „Не планирав да станам духовник; сакав да бидам проповедник.“ А сепак, од првите недели по ракополагањето луѓето започнале да го гледаат како духовен отец.

Оние коишто на времето го познавале татко му, отец Алексеј, честопати се збунувале кога ќе виделе луѓе како се исповедаат кај отец Сергеј, имајќи во предвид дека отец Алексеј бил прозорлив. Но, некои други пак, плашејќи се од прозорливоста и светоста на отец Алексеј, себеси се сметале за недостојни да бидат негови духовни чеда и да му одземаат време, бидејќи тој постојано бил опкружен од луѓе. Отец Сергеј, од друга страна, во тоа време бил послободен, на почеток од неговата свештеничка служба, и можел да понуди повеќе време и внимание на своите духовни чеда; често ги исповедал, и го следел нивниот развој преку дневниците кои ги советувал да ги пишуваат, а во кои се откривале нивните особености и „омилени“ гревови и страсти со кои требале да се борат.

Но, и покрај тоа, било очигледно дека луѓето биле привлечени од она што бил отец Сергеј, од неговата силна вера, љубовта кон Црквата, неговите длабоки и моќни проповеди. Отец Сергеј имал строга, истенчена и неподмитлива совест, бил искрен како ретко кој друг и не глумел, имал длабок ум и чувствително срце; бил ревносен и ги проучувал учењата на светите отци, тежнеел кон она што е добро, а од татко му ја наследил способноста правично да расудува не само во духовните, туку и во световните работи. И конечно, тој бил учтив и сочувствувал со страдањата на другите. Голем дел од овие особини ги добил од неговиот татко, следувајќи му на светоотечкиот совет: „Ако сакаш да се научиш на страв Божји, оди и живеј со некој кој го стекнал.“

Како млад свештеник, отец Сергеј бил дружељубив; сакал да се шегува и да се насмее со неговите духовни чеда; понекогаш ги задевал и им давал точни, но смешни прекари. Сепак, секогаш одржувал растојание од нив. Карактеристично е што, на пример, никогаш не дозволувал односот со духовните чеда да се претвори во другарски однос – дури и најмалите деца му се обраќале како на свештеник.



Тој не поднесувал никаква неискреност или компромис со вистината, и истото го очекувал и од луѓето што се исповедале кај него, поучувајќи ги на ова и со збор, и на дело. Лажното смирение исто така не му се допаѓало, исто како и „глумењето монаси“ од страна на неговите духовни чеда; напротив, тој сакал во духот да ревнуваат кон монашкиот идеал, идеалот на христијаните: искрено покајание, непрестана молитва, бдеење над умот и совеста. Уште еден императив: да се работи и дела не од страв, туку поради совеста; дома и на работа да се стои искрено пред Бога.

Никому не му наметнувал тешки подвизи, долги молитвени правила, а особено не на послабите и болните, или на оние што имале ревност, а немале опит. Сепак, прилагодените послушанија на пост и молитва морале да бидат целосно исполнети, според учењата на отците: „Умереното правило, доследно исполнето, е од непроценлива вредност.“

Но, покрај неговата строгост, кога се работело за некаква неволја или болест на неговите духовни чеда, отец Сергеј бил сочувствителен; се трудел сè да

среди, да направи што може, да најде лекар, лек, да понуди дури и целосно материјална помош тогаш кога бил во состојба (на почетокот од неговото свештенство неговата можност била ограничена во оваа насока, затоа што владеела сиромаштија, а луѓето што се црквувале кај него биле претставници на руската интелигенција, кои и самите биле гладни и сиромашни).

За основа на животот на ова негово духовно семејство отец Сергеј ги сметал црковните богослужби и, исто како и неговиот татко, тој ја нагласувал потребата за често причестување и исповедање, како начин за чистење на совеста преку исцрпни исповеди. Доколку покајанието е основна задача на христијаните, тогаш исповедта е прв чекор на патот кон покајанието. Тој честопати говорел на оваа тема и особено ја нагласувал молитвата што свештеникот ја чита над покајникот, која идниот свештеномаченик често ја толкувал.

Еве само неколку негови мисли поврзани со исповедта:

„Зошто е важна исповедта? Господ ни дал сѐ. Сите Таинства - Крштението, Миропомазанието, Причестувањето - сет тоа ни е дадено од Бога; од нас не зависи ништо. Но, во Таинството на исповедта, ние сме главните; ова е дар што можеме да го принесеме пред Бога, велејќи: 'Господи, избави ме од ова тешко гревовно бреме!' Без нашето учество, Господ не може да ни помогне.“

„Господ нѐ повикува на покајание. Останува на нас да го согледаме нашиот грев, во однос на Бога, на Црквата, на светителите, на молитвата; потоа во однос на нашите ближни; и на крај во однос на нашите страсти. Секој човек е обележан од една особена страст, која го раѓа гревот; мора да работиме на нејзино искоренување. На исповед ние го кажуваме она што ни тежи во одредено време, додека покајанието треба да нѐ придружува низ целиот живот.“

„Фактот дека исповедам еден ист грев секој пат не е толку важен. Тоа е природно. На крајот на краиштата, ако некој човек има слабо срце, тој постојано ќе оди на лекар со истата дијагноза. Она што е важно е да има подобрување.“

„За еден духовен отец нема поголема радост од тоа да му помогне на неговото духовно чедо. Поради ова, бесмислено е некој да се срами на исповед; тоа е лажен срам. Човек треба да се срами да греши, а не треба да се срами кога се труди да ја исцели својата слабост. Вистинска духовна врска со духовниот отец се создава единствено тогаш кога душата ја отвораме пред него, кога сме уверени дека тој е тука за да ни помогне.“

И свештеномаченикот, како и неговиот татко, не биле поддржувачи на одржувањето на заедничка исповед, која според нив, можела да биде штетна: „Свети Јован Кронштадтски можел да прави заедничка исповед затоа што тој можел да гледа директно во душата на човекот и не дозволувал некој непокаен да ѝ пристапи на Чашата. Но јас не можам да го сторам тоа. При заедничката исповед, гревот останува во човекот. Еднаш ми пристапи еден човек кој ми исповеда дека некој грев го мачел цели шест години. Го прашав колку често се причестува и тој ми одговори дека пристапува секоја недела. 'Се исповедаш ли?', го прашав, а тој ми потврди, додавајќи дека парохискиот свештеник вршел заеднички исповеди. И откако се исповеда насамо, беше целосно ослободен од тежината на гревот.

„Велите, зошто човек мора да се исповеда пред свештеник, а не едноставно пред Бога? Затоа што суштината на исповедта се состои во страдањето на покајникот и сострадањето на свештеникот.“

„Многумина доаѓаат на исповед со ладни срца. Смирено ги набројуваат своите гревови, како да говорат за нешто што им е туѓо. А потоа доаѓа некое детенце и плаче ли плаче затоа што украло бонбона од сестра му. Мили мои, така треба да се исповеда човек.“

„Покајанието, сепак, не се состои во чувството на жалење и пролевање солзи на исповед, за подоцна да се продолжи со истото однесување. Попрво, човек мора да се чувствува како голем грешник пред Бога; во срцето треба постојано да ги оплакува своите гревови - а ова оплакување нема видливи солзи.“

# Преподобномаченичка Марија Париска и Равенсбрјушка




На 16 јануари 2004 година, Вселенскиот Патријарх и Архиепископ Константинополски во диптихот на светите ги вброи Марија Скобцова, нејзиниот син Јуриј, и нејзините сотрудници - отец Димитриј Клепинин и Илија Фондамински

Житието на преподобномаченичката и мајка наша Марија изобилува со противречности, но сепак за многумина е извор на инспирација. Во него се обединети ликовите на една млада социјалистка - револуционерка, градоначалничка на еден руски град, прва жена - студент во богословија, двапати мажена и исто толку пати разведена жена, мајка на три деца, монахиња, слугинка на бедните, болните и бездомните парижани, заштитничка на Евреите од нацистите и конечно, една маченичка во концентрациониот логор во Равенсбрјук, Германија.

Преподобна Марија се родила како Елисавета Пиленко во 1891 година, во едно руско семејство од латвискиот град Рига. Нејзините родители биле побожни православни христијани, кои ја учеле младата Елисавета да Го љуби и да Му служи на Бога. Сето ова се изменило кога таа имала само четиринаесет години, и кога нејзиниот татко починал. За неа, смртта на татко ѝ изгледала премногу неправедна и нелогична. Одлучила дека нема веќе да верува во Бога, и на сите им кажувала дека е атеистка: „Ако не постои правда, тогаш и Бог не постои.“ За време на нејзините тинејџерски години, Русија се мачела со крајот на царското владеење, почетокот на револуцијата и доаѓањето на власт на комунистите. Елисавета се вљубила во ова револуционерно движење и како осумнаесет годишна девојка се омажила со еден член на Болшевичката партија. И макар што себеси се сметала за атеистка, сепак, гледајќи го насилството, бедата и страданијата што револуцијата ги вовела во Русија, таа започнала да се сомнева во нејзината благонаклоност кон револуцијата. Малку по малку, нејзината љубов



кон Христа и Црквата како повторно да оживеале и уште посилно се вгнездиле во нејзината душа. Елисавета започнала да го чита Евангелието и житијата на светите. Се пријавила да се запише во богословијата во манастирот на св. Александар Невски во Петербург, нешто што дотогаш се немало случено. И иако дотогаш во богословијата биле запишувани единствено машки ученици кои се поготвувале да станат свештеници, сепак, таа била примена во познатото богословско училиште.

Нејзиниот брак неуспешно завршил во 1913 година, кога, иако била бремена, се развела од нејзиниот сопруг. Враќајќи се на семејниот имот на југот од Русија, таа ја родила првата ќерка, Гајана, се зачленила во Социјал-револуционерната партија и во 1918 година била избрана за градоначалничка на Анапа, градот каде што живеела. За време на Руската граѓанска војна била уапсена, лежела в затвор, и ѝ било судено за соработка со непријателот. Благодарение на фактот што судија ѝ бил еден поранешен пријател, Даниел Скобцов, животот ѝ бил поштеден и не била осудена на смрт со стрелање. После судењето го побарала за да му се заблагодари, и наскоро се вљубиле еден во друг и се венчале. Веднаш потоа таа ги родила и двете деца, синот Јуриј и ќерката Анастасија. Со победата на Болшевиците во Граѓанската војна, Даниел и Елисавета одлучиле дека би било опасно да останат да живеат во Русија, и во 1923 година се преселиле во Париз, Франција.

## Семејна трагедија

Една голема несреќа го снашло семејството Скобцови кога во 1926 година нивната петгодишна ќерка умрела од грип. Откако цел месец бдеела покрај креветот на којшто спиела ќерка ѝ, гледајќи ја како умира, Елисавета ги запишала следниве оплакувачки зборови:

„Кога умира некој когошто го љубиш, одеднаш се отвораат вратите кон вечноста, сиот природен живот се тресе и се урива, вчерашните закони престануваат, желбите избледуваат, смислата станува бесмислена, и друга, несфатлива смисла како крилја нараснува на твојот грб. Сè е проголтано од црната уста на свежиот гроб: надежи, планови, пресметки, а најмногу од сè, смислата, смислата на цел еден живот. Ако е тоа така, тогаш сè мора да биде преобмислено, сè да биде отфрлено, видено во неговата расипливост и лажност.“

После погребот на нејзината ќерка, Елисавета го преиспитала сиот свој живот. Сфатила дека Бог ја повикува да стане мајка на сите луѓе кои ќе влезат во нејзиниот живот. Почувствувала дека љубовта што ја имала кон нејзината ќерка треба да ја сподели со сите луѓе, особено со оние кои „имаат потреба од мајчинска нега, помош или заштита“, како што самата велела. И додека нејзиниот сопруг го издржувал нивното семејство возејќи такси, Елисавета сè повеќе се посветила себеси на социјална работа и богословско творештво. Можеби како последица на смртта на нивната ќерка, бракот меѓу Елисавета и Даниел полека се распаѓал и набрзо потоа тие се разделиле.





Елисавета добила работа во една агенција што им помагала на руските бегалци кои живееле во Франција, и од прва рака можела да ја види бедата

и ужасот во кој живееле овие семејства. Оставајќи два распаднати бракови зад себе, таа трагала по нејзиниот вистински повик во животот. Со помош на надлежниот епископ, митрополитот Евлогиј, таа започнала да размислува за монашкиот живот. Но, неа ја влечел еден нов облик на монашки живот, еден облик кој ги обединувал молитвата и созерцанието со служењето на оние околу неа кои имале потреба од помош. И така, во 1932 година таа примила монашки потстриг, и ѝ било дадено името Марија. Митрополитот Евлогиј ѝ благословил да се посвети на еден нов вид на монашки живот, што таа го нарекла „монаштво во светот.“ Таа го отворила нејзиниот дом во Париз за да им служи на бедните, бездомните, очајните. Не била задоволна со тоа да чека оние во мака да ѝ заѕвонат на врата, туку самата патувала по улиците и сместувалиштата во Париз, трагајќи по оние на кои им била потребна нејзината грижа. Таа влегувала во местата во кои на другите им било страв да одат; наоѓала просјаци и пијаници, ги водела во нејзиниот дом, ги бањала, облекувала и хранела.

ПАТОТ КОН БОГА МИНУВА НИЗ ЉУБОВТА КОН БЛИЖНИТЕ. НА СТРАШНИОТ СУД НЕМА ДА БИДАМ ПРАШАНА ДАЛИ СУМ ПРЕУСПЕВАЛА ВО МОИТЕ ПОДВИЗИ, НИТУ КОЛКУ ПОКЛОНИ И МЕТАНИИ СУМ ПРАВЕЛА. НАМЕСТО ОВА, ЌЕ БИДАМ ПРАШАНА ДАЛИ СУМ ГИ НАХРАНИЛА ГЛАДНИТЕ, ДАЛИ СУМ ГИ ОБЛЕКЛА ГОЛИТЕ, ДАЛИ СУМ ГИ ПОСЕТИЛА БОЛНИТЕ И ЗАТВОРЕНИТЕ...

Таа била сосем невообичаен вид на православна монахиња, монахиња што многумина не би можеле да прифатат. Блажениот митрополит Сурожски Антониј од Лондон, ги напишал следниве зборови во врска со неговата прва средба со мајка Марија:

„Во нејзиното однесување, во нејзините постапки, таа беше една мошне невообичаена монахиња. Се вчудовидов кога за прв пат ја видов во монашка облека. Одев по булеварот 'Монпарнас' и таму видов, пред една кафеана, на масата една кригла пиво, а позади криглата, како седни една руска монахиња облечена во монашка облека. Се загледав во неа, и одлучив дека никогаш нема да ѝ се приближам на таа жена. Тогаш бев млад, и имав чудни и екстремистички сфаќања.“

## ДОАЃАЊЕТО НА НАЦИСТИТЕ

Последниот период од животот на преподобната Марија започнал со освојувањето и поробувањето на Франција од страна на германските нацисти. Иако имала можност да го напушти Париз додека германската армија напредувала кон градот, таа ја одбила ваквата можност: „Ако Германците го освојат Париз, ќе останам тука со старите жени. Каде би можела да ги испратам?“





На почетокот на 1942 година, нацистите започнале со запишување на Евреите. Одеднаш, Евреите започнале

да тропаат на вратата од домот на преподобна Марија, молејќи го свештеникот, отец Димитриј Клепинин да им издаде лажни крштеници за да можат да се спасат. Отец Димитриј се согласил, и започнал да издава лажни крштеници со помош на мајка Марија, убедени дека Христос би го сторил истото. Кога пристигнала наредба од Берлин сите Евреи да се обележат со жолта ѕвезда голем дел од христијаните во Франција мислеле дека тоа не треба да ги загрижува, затоа што не станувало збор за христијански проблем. Тогаш Марија Скобцова им одговорила: „Не постои нешто како христијански проблем. Зарем не сфаќате дека се води борба против христијанството? Ако бевме вистински христијани, тогаш сите ќе ја носевме ѕвездата. Дојде времето на исповедниците.“

Во јули 1942 година започнало масовно апсење на Евреи – во Париз биле уапсени 12 884 луѓе, од кои 6 900 биле деца. Биле затворени на еден спротски стадион оддалечен еден километар од куќата на преподобна Марија, и оттаму требало да бидат пренесени во Аушвиц. Како монахиња, Марија можела да влегува и излегува од привремениот еврејски затвор, и таа цели три дена ги поминала меѓу заробените Евреи, носејќи им храна и облека. Успеала дури и тајно да изнесе неколку деца и да ги спаси, поткупувајќи ги ѓубрациите да ги префрлат со кантите за ѓубре.

Набрзо домот на мајка Марија бил преполн од луѓе, од кои најголемиот број биле Евреи. Само чудо можело да ги спаси. Меѓутоа, таа не паѓала со духот, велејќи дека доколку некој дојде да ги изнесе Евреите од кај неа, ќе му покаже икона од Мајката Божја.

Сепак, се случило неизбежното и на 8 февруари 1943 г. нацистите ги уапсиле неа, нејзиниот син, отец Димитриј и нивниот соработник Илија. Причината била пронајденото писмо во џебот на Јуриј, преку кое некое еврејско семејство барало лажна крштеница од свештеникот. Отец Димитриј бил испитуван од страна на еден официр на Гестапо, Ханс Хофинан, и сочуван е дел од записникот во кој е запишано како течело испитувањето:

Хофман: Ако те ослободиме, ќе ни ветиш ли дека никогаш повторно нема да им помагаш на Евреите?
О. Димитриј: Не можам да направам такво нешто. Јас сум христијанин и морам да правам како што морам.
Хофман (му удира шлаканица на свештеникот): Јудеољубец! Како смееш да велиш дека помагањето на тие свињи е христијанска должност?!
О. Димитриј (држејќи го крстот над неговата мантија): Го знаеш ли Овој Евреин?
Веднаш потоа свештеникот бил фрлен на земја и претепан.



Монахињата и сите со неа уапсени биле испратени во концентрациони логори – мажите во Бухенвалд и Дора, а Марија во Равенсбрјук. Сочувано е едно писмо на Јуриј Скобцов:

„Благодарејќи на секојдневната Евхаристија, нашиот живот е целосно преобразен овде, и искрено да ти кажам, овде нема нешто на што би се жалел. Живееме братски со отец Димитриј и тој ме подготвува

да бидам свештеник. Треба да ја разбереме Божјата волја. Потполно сум смирен, па дури и горд што ја споделувам судбината на мама. Што и да се случи, порано или подоцна сите ние ќе бидеме заедно. Можам искрено да речам дека ништо веќе не ме плаши... Молам секој кому сум му згрешил на било каков начин да ми прости. Христос нека биде со тебе!"

Сите четворица умреле како маченици и исповедници во концентрациони логори. Марија, Јуриј и Илија биле одведени во гасни комори, а отец Димитриј умрел од пневмонија. На Велика сабота во 1945 година, преподобна Марија го зазела местото на една еврејска жена и била внесена во гасна комора од каде што подоцна било изнесено нејзиното тело.

Марија не можела да пишува писмо до нејзините познаници, но затворениците што ја преживеале нацистичката голгота ги запишале нивните спомени од неа:

„Нејзиното влијание врз нас беше големо. Без разлика на нашата возраст или политички убедувања, сите ние ја љубевме мајка Марија. Особено внимание им посветуваше на младите затвореници. И макар што бевме одделени од нашите семејства, таа на некој начин ни подари семејство."

## НЕКОЛКУ ПОУКИ ОД ПРЕПОДОБНА МАРИЈА ПАРИСКА

Патот кон Бога минува низ љубовта кон ближните. На Страшниот суд нема да бидам прашана дали сум преуспевала во моите подвизи, ниту колку поклони и метании сум правела. Наместо ова, ќе бидам прашана дали сум ги нахранила гладните, дали сум ги облекла голите, дали сум ги посетила болните и затворените. Тоа е сѐ она за што ќе бидам прашана. За секој еден сиромашен, гладен и затворен човек Спасителот вели „Јас": „Јас бев гладен и жеден"; „Јас бев болен и во затвор." Кога само ќе помислам дека Господ става знак на еднаквост меѓу Себе и оној кој е во мака... Секогаш го знаев ова, но сега некако тоа навлезе во моите коски. Ме исполнува со восхит.



Христос ни го даде ова вистинско учење дека Го среќаваме во секој еден сиромашен и несреќен човек. Да го запомниме ова и на сиромашниот и несреќен човек да му ја дадеме нашата љубов, оти тој само нам ни изгледа дека е сиромашен и несреќен, а тој всушност е Царот, и преку него нашите таланти нема да пропаднат, туку ќе ни се вратат стократно.

За време на богослужбите, ѓаконот не ги кади само иконите на Спасителот, Мајката Божја и светителите. Тој ги кади и луѓето-икони, иконите Божји во собраните луѓе. И кога тие излегуваат од црквата, тие луѓе остануваат исто толку икони Божји, достојни за кадење и почитување. Со луѓето треба да се однесуваме со автентична и длабока почит."



# Свети Рафаил, епископ Бруклински

## ДОБРИОТ ПАСТИР НА ИЗГУБЕНОТО СТАДО ВО АМЕРИКА

чија светост беше свечено објавена од
Светиот Синод на Православна Црква на Америка
на 29 март 2000 година

Во последните децении на деветнаесеттиот век, во Америка се слеало поголемо течение на имигранти од Средниот Исток. Познати како „Сиријци“, голем број од овие имигранти со православна вера и арапска култура ги напуштиле нивните древни градови и села трагајќи по нови и посветли изгрејсонца во Новиот свет. Како што се зголемувал нивниот број во Америка, така се зголемувала и нивната потреба за духовно раководење. На чудесен начин, овие новоамериканци разбрале дека има некој млад, побожен свештеник - Сириец, отец Рафаил, кој во тоа време бил архимандрит и професор по арапски јазик на Казанската богословска академија во Царска Русија. Предводени од водачот на нивната заедница, д-р Ибраим Арбили, тие стапиле во контакт со младиот свештеник, со барање да дојде во Америка за да им биде пастир и духовен отец.

Неколку интересни обележја се јавуваат како што се одмотува клопчето на животот на св. Рафаил. Првото од нив е таинствениот начин на кој Бог го извел од неговата татковина на бреговите на американскиот континент. Второ, неговата покорност пред Божјата промисла. И трето, неговата љубов за народот Божји. Иако за време на овоземниот живот не бил ниту чудотворец, ниту прозорлив старец, св. Рафаил водел живот на целосно себеодрекување заради служењето на Бога и неговите ближни: вистински подвижнички живот. Неговата порака за нас, кои живееме на почетоците од дваесет и првиот век е исто онолку едноставна и длабока, како и Човекот Кој прв ни ја открил: „Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека оди по Мене“ (Мт. 16,24).

**НЕКОЛКУ ИНТЕРЕСНИ ОБЕЛЕЖЈА СЕ ЈАВУВААТ КАКО ШТО СЕ ОДМОТУВА КЛОПЧЕТО НА ЖИВОТОТ НА СВ. РАФАИЛ. ПРВОТО ОД НИВ Е ТАИНСТВЕНИОТ НАЧИН НА КОЈ БОГ ГО ИЗВЕЛ ОД НЕГОВАТА ТАТКОВИНА НА БРЕГОВИТЕ НА АМЕРИКАНСКИОТ КОНТИНЕНТ. ВТОРО, НЕГОВАТА ПОКОРНОСТ ПРЕД БОЖЈАТА ПРОМИСЛА. И ТРЕТО, НЕГОВАТА ЉУБОВ КОН НАРОДОТ БОЖЈИ.**

Светиот Рафаил нам ни го открива царскиот пат до спасението. Тој не барал почести за себе. Она што најмногу се открива од неговиот живот и служба е јасната негрижа за себеси. Тој бил следбеник на својот Учител и бил подготвен за Него да плати било каква цена. Колку и да се чинело дека Крстот е тежок, колку и да фалеле наградите, тој одел по Него. Исклучителен човек кој можел да зборува неколку светски јазици, образован во грчки и руски богословски училишта, св. Рафаил не нè восхитува како длабок мислител или богослов, туку пред сè, како добар пастир кој душата ја полага за своите овци. Неговите писанија и проповеди се потполно практични, изградени врз Светото Писмо и неговиот животен опит. Тој Го следел Христа. Како што вели пророкот Исаија, без никакви планови за себе, тој едноставно, во секое време и на секое место велел: „Еве ме мене, испрати ме мене“ (Ис. 6,8).

Тој е пример на ликот на еден вистински и предански православен епископ. Верата ја примил од неговите предци и верно сакал да ја предаде токму таа вера на неговите духовни чеда. Тој бил голем молитвеник. Го љубел и живеел литургискиот живот на Црквата и токму тој бил негова духовна поддршка. Не бил новотар; не „изменил“ ништо. Во неговата пастирска работа немал агенда, само сакал да биде верен на одговорноста којашто ја примил. Луѓето на коишто им служел ја преокупирале неговата мисла. Како да ги смири непријателите? Како да се возобнови застареното? Како да се воспитаат децата? Како да се започне мисија? Како да се поучи еден свештеник? Исклучително е наследството на неговите постигнувања: основал триесет парохиски цркви, напишал и превел четиринаесет книги, вклучително и Малиот и Големиот требник, ја основал катедралата „Св. Николај“ во Бруклин, напишал многу статии во „Слово“ (православно списание) итн.

Но, овие постигнувања не ја откриваат вистински светоста на неговата душа, ниту пак ни ја предаваат неговата величина. Попрво, таа може да се најде во животите на луѓето на кои им Го открил Христа и Неговата Црква. Илјадниците луѓе кои биле присутни на неговиот погреб и му оддале последна почит, сите во св. Рафаил ја виделе иконата на Бога Кому тој Му служел и Го љубел. Како и Неговиот Пастир, и св. Рафаил го положил својот живот за неговото стадо. Како и великиот пастир, св. апостол Павле, со неговото тело ги дополнил страданијата Христови (Кол. 1,24). Тој не бил наемник; љубејќи ги своите, ги љубел до крај. Токму оваа љубов го соединила со Бога, и во неа сме соединети ние со него. Токму оваа љубов го осветила и во неа пребива во Царството небесно. Како зборовите на нашиот богоносен отец Јован Лествичник да се воплотени во св. Рафаил: „Љубовта дарува пророштва, чуда. Бездна е на просветление, вруток на оган кој извира за да ја разлади жедната почва. Таа е ангелско положение и вечно течение.“

Свети Рафаил се родил околу Соборот на архангелите, 8/21 ноември 1860 години во семејство на побожни и православни жители на Дамаск, Михаил и Меријам Хававини. Поради острите прогонства на христијаните во јули 1860 г., од кои Црквата родила стотици новомаченици (меѓу кои е и новосвештеномаченикот Јосиф Дамаскин, парохискиот свештеник на семејството на св. Рафаил, чијшто спомен се празнува на 10/23 јули), Михаил и неговата бремена сопруга Меријам пребегнале од Дамаск во Бејрут. И токму во тој град идниот свети-



тел за прв пат ја здогледал светлината на денот. Како што течел животот на детето станало јасно дека тој ќе нема „свој“ град во овој свет, туку ќе копнее по градот што доаѓа (Евр 13,14).

Основно и средно училиште светиот Рафаил завршил во парохиските училишта во Дамаск, а првото богословско образование го стекнал во богословското училиште на Халки, во близина на Истанбул (Вселенска патријаршија). Подоцна учел на Киевската богословска академија во Царска Русија. Токму тогаш сириско-арапската заедница во САД станувала сѐ побројна, и остварила контакт со св. Рафаил, кој тогаш бил свештеник, канејќи го да дојде во САД. Свети Рафаил се сретнал со епископот Николај во Санкт Петербург и во 1895г. со него се вратил во САД за да служи во сириско-арапската заедница. Тој бил одговорен за целата Сириска православна мисија, и бил назначен за парох во Њујорк, каде што ја основал и првата парохија. Го надгледувал развојот на други доселенички заедници, постојано патувајќи низ САД во 1896 за да ги организира парохиите. Во 1898 г., св. Рафаил го објавил арапскиот превод на Великиот требник за употреба во неговите цркви. Подоцна истата година, тој бил претставник на Американската мисија при дочекот на св. Тихон (Белавин), новиот епархиски архиереј. На 15 декември 1898 г. во една своја беседа за мисијата на св. Тихон, св. Рафаил рекол: „Тој беше испратен да го води стадото Христово - Руси, Словени, Сириски Арапи и Грци - расеани по Северноамериканскиот континент.“

Свети Тихон ги препознал добрите особини на св. Рафаил и сакал да го постави за викарен епископ во една од реорганизираните епархии. Во 1903 заминал за Русија и побарал благослов за ваквиот план. Синодот на Руската Црква го одобрил неговиот предлог, и дополнително го назначил и ракоположил епископот Инокентиј за викарен епископ на Аљаска. На 12 март 1904 година св. Тихон и епископот Инокентиј отслужиле Божествена Литургија во црквата на св. Николај на Менхетен, на којашто св. Рафаил бил наречен за епископ Бруклински. Следниот ден, во црквата на св. Николај во Бруклин бил хиротонисан за епископ, откако го прочитал епископското исповедање на верата на словенски и арапски јазик.

По неговата хиротонија, св. Рафаил ја продолжил неговата мисија меѓу православните Сирийци, и исто така му помагал на св. Тихон и неговите наследници во раководењето со мисијата во Северна Америка: претседавал со Црковниот собор во Пенсилванија, одржан на 2 август 1905 г., ги осветил темелите на првиот православен манастир во Новиот свет, го основал православното списание „Слово“. После дваесетгодишна служба во Северна Америка, св. Рафаил во Христа се упокоил во неговата резиденција во Бруклин, на 27 февруари 1915 година. Во времето на неговото упокојување, тој раководел со триесет парохии и над 25 илјади верници.

Иако историчарите го паметат св. Рафаил како учен богослов, надарен мисионер, плодотворен преведувач и автор, и прв ракоположен епископ во Новиот свет, меѓу верниот и побожен народ се чува неговиот лик на добриот пастир кој го собира расеаното стадо, кој го

води неговото стадо на безбедно и раззеленето пасиште и на крај својот живот го положува за нив. Постојат мноштво случки и приказни поврзани со неговата неуморна служба како посредник и миротворец, кој ги поддржува немоќните и старите, им влева храброст на младите и обесхрабрените, ги штити вдовиците и сираците, ги брани оние кои немаат ништо и бедните. Обемот на неговата самопожртвувана пастирска служба е запишан и откриен во неговите уредно и рачно пишувани мисионерски дневници, во кои до детаљ се опишани неговите патувања по безброј градови, села, далечни фарми и ранчови во САД, Канада и Мексико. Следниов опис совршено може да ни илустрира зошто тој е познат како „добриот пастир на изгубеното стадо во Северна Америка."

Еднаш, враќајќи се кон Њујорк од едно мисионерско патување, св. Рафаил пристигнал во некое мало гратче доцна вечерта. Следниот воз требало да пристигне утредента рано наутро, па св. Рафаил го зел багажот, и тивко свратил до еден хотел во близина. Тој бил потполно исцрпен од неколкумесечните патувања, а во гратчето во кое требало да преноќи немал познаник со кого би можел да се види. И, наместо да го искористи слободното време за одмор кој му бил повеќе од потребен, тој го сместил багажот во малечката соба, и пошол по темните улици на непознатото гратче, надевајќи се дека можеби ќе наиде на некој православен христијанин кому би можел да му проповеда. Откако неколку часа ги запирал луѓето и ги прашувал за нивната вера, конечно наишол на една мала група млади православни Арапи, со кои радосно ја поминал целата вечер и раните утрински часови, утешувајќи ги во нивната осаменост, нудејќи им татковски совети и поуки, поучувајќи ги и утврдувајќи ги во верата, исповедувајќи ги. Неволно се разделил од нив, итајќи по багажот во хотелот, а потоа повторно во воз. Речиси без здив стигнал на железничката станица, и брзајќи успеал да се качи на возот. Но, повторно, пред да ги затвори очите и да им пружи малку одмор среде гласните сопатници, тој внимателно во неговата тетратка ги запишал имињата и адресите на новооткриените духовни чеда, впишувајќи ги нештата што им ветил дека ќе им ги испрати - некому молитвеник, на другиот икона, на третиот бројаница, а на сите нив - молитви и благослов.




Чесните мошти на светиот Рафаил најпрвин биле положени во една крипта поставена под олтарната трпеза во соборниот храм на св. Никола во Њујорк (на 7 март 1915г.); потоа биле пренесени во сирискиот оддел на бруклинските гробишта (2 април 1922г.), и конечно, пренесени на воскресенските почивалишта во Антиохиското село во близина на Лигоњер, Пенсилванија (15 август 1988 г.).

*според материјали од Антиохиската Патријаршија*

# Свештеномаченик Филумен Агиотафит од Јакововиот кладенец




Светиот маченик од дваесеттиот век, Филумен Кипранецот, бил роден во селото Орунда, во кипарската област Морфу, во 1913 година. Татко му се викал Георгиј, а мајка му Магдалена. Уште како млад, заедно со неговиот брат-близнак Елпидиј, бил поучуван во словото Божјо од нивната баба. Се црквувале во парохијата „Св. Сава Освештен“ во Никозија, бидејќи таму нивниот татко имал своја гостилница и пекара. Младите близнаци покажувале особена заинтересираност за молитвен живот, ги читале житијата на светителите, а посебно биле восхитени од житието на свети Јован Каливит, кое имало толку големо влијание врз нивните младешки срца, што и двајцата браќа на четиринаесетгодишна возраст се упатиле прво во Ставровунскиот манастир, а оттаму во Ерусалим, каде што завршиле и средно училиште по што отец Филумен решил да остане во Ерусалим. Таму останал повеќе од четириесет години, за конечно, во 1979 година да биде назначен за старешина на црквата на Јакововиот кладенец. Во истата таа 1979 година, во месец ноември, отец Филумен маченички пострадал, од раката на радикалните Евреи, додека служел Вечерна богослужба.

Седум дена пред маченички да пострада, отец Филумен бил посетен од зионисти-фанатици во манастирот на Јакововиот кладенец, кои барале од него да ги отстрани сите крстови и икони од манастирот затоа што, според нив, на тој начин се скврнавело нивното свето место. Секако, богољубивиот пазител Филумен им посочил дека и подот на којшто стоеле ѝ припаѓа на Православната Црква, дека бил изграден во 331 година од страна на светиот цар Константин, но и дека манастирот цели шеснаесет столетија е свето место кон кое притекнуваат православните Христијани од целиот свет; додал и тоа дека претходно, пред 4-от век, земјиштето било во власт на самарјаните цели осум столетија. Групата насилници заминала со закани и навреди од

оној вид со кој христијаните од тие краишта секојдневно се соочуваат. После неколку дена, на 29 ноември, за време на обилни врнежи дожд, групата насилно влегла во манастирската црква, во која отец Филумен служел Вечерна. Отсечените три прста се знак дека новомаченикот не се откажал од верата Христова туку, напротив, го изобразил крсниот знак пред мачителите. Неговото лице било пресечено така што раните образувале крст. Сиот храм и светињите биле осквернети. Неговото маченичко тело им било предадено на христијаните дури шест дена по масакрот, но за чудо, ја сочувало подвижноста и еластичноста, и со голема побожност било погребано во гробница на гората Сион.

Според обичајот, по четири години неговиот гроб бил откопан, и неговото тело било нетрулежно (нераспадливо) - од него се ширело благоухание. Гробот бил затворен, и повторно отворен на Божик следната година (декември 1984 год.), кога се видело дека е делумно нераспадливо. Веднаш било положено во стаклен кивот во северниот дел од свештениот и свет олтар на гората Сион.

На 30 август 2008 година името на светиот Филумен било додадено во диптихот на светите. Црквата го празнува неговиот спомен на 16/29 ноември. Истата година, односно дваесет и девет години по неговата маченичка смрт, св. Филумент се „вратил“ во Јакововиот кладенец, поклоничкото место, во коешто служел како старец и пазител. Имено, Митрополитот на Морфу, Преосветениот Неофит, со благослов на Ерусалимскиот Патријарх Теофил ги пренел чесните мошти на Филумен маченикот од Светиот Сион, Ерусалим, во манастирот на Јакововиот кладенец во паленстинскиот град Наблус.

Настанот се совпаднал со осветувањето на црквата на св. Фотина, жената-самарјанка од страна на Патријархот Теофил. Светите мошти, нетрулежни и благоухани, денес се чуваат во дрвена хранилница веднаш до црквата на св. Фотина, во параклис посветен токму нему. Моштите се покриени со свештени покривала, а само главата на свештеномаченикот е откриена, за да може поклониците да се поклонат и да ја целиваат, но и да се уверат во верата на маченикот чијашто глава била пресечена на половина, со секира, од страна на мачителите.

## СВЕДОШТВА

Праведниот живот на свештеномаченикот Филумен го сведочат луѓето што се удостоиле да го запознаат. Блажениот старец на палестинскиот манастир „Св. Сава Освештен“, отец Серафим, вели: „Тој беше еден свет човек. Живееше правеен живот, и затоа Бог го удостои да стане маченик, дарувајќи му нетленост и благоухание на неговото тело, дарувајќи му ја благодатта за исцелување како потврда одозгора за неговото жителство во земјата на Праведните.“



Отец Јустин, неговиот наследник, додава: „Јаковиот кладенец е едно исклучително важно историско и духовно место за трите еднобожечки религии. И Евреите го почитуваат ова место, и христијаните - поради жената самарјанка, и муслиманите - затоа што Јаков, според нив, е еден од пророците на исламот. Но, отец Филумен го одржа ова место да биде христијанско, и поради тоа целиот овој регион не стана еврејска населба. Токму овој факт е заслужен што денес и Арапите го сметаат отец Филумен за свој маченик.“

*според материјали од Ерусалимската Патријаршија*

# ЦРКВАТА
# КАКО ЧУВАР
# НА АНГЕЛСКАТА ФИЛОСОФИЈА

Презвитер Милорад Голијан



Во својата трагичност на промените, човекот често стекнува убедување дека природата на неговото живеење и постоење секогаш бара непријатни издигнувања и падови. Свртен кон таквиот начин на живот, човечкиот дух ја прифаќа несигурноста како фаталност, како судбина. И така, човекот постанува заробеник на сопствената немоќ, што се манифестира во незадоволството во неговиот целокупен живот. Имено, таквата состојба не му дозволува да ја бара онаа искра на радост, која некаде длабоко е потисната во него, а која тежнее за сигурноста во вечноста.

Во откриената философија на ангелите тоа не е така. Иако се творби како и луѓето, ангелите се утврдени во вечноста на животот. Сите кои останале покрај својот Творец и не заминале во безнадежноста на паднатите ангели, сите тие останале на висината на својата создадена природа, за разлика од човекот, кој самиот се заплеткал во стапиците на ѓаволската несигурност и злобност.

Таа философија на белите ангели, како чување на висината на квалитетот на исконскиот живот, Православната Црква ја сочувала во текот на својата историја во лицата на светителите - светите отци. Токму тие свети отци се личностите кои во Православната Црква ја сочувале философијата на ангелите, онаа философија, која не само што

издига кон Небесата, туку и оние, кои веќе се издигнале на Небесата, ги одржува да не паднат и да не потонат во темнината на незадоволството.

Да се дефинира философијата на ангелите е едноставно, зашто и философијата е едноставна. Едноставна е по своето учење, кое единствено бара кротост и смиреност. Свети Јован Лествичник говори: „Ако гордоста некои ангели ги претворила во демони, тогаш, без сомневање, и смирението и понизноста можат од демоните да направат ангели. Затоа, паднатите нека се охрабрат!“ Заклучувајќи дека, сепак, „смирението е единствена добродетел која демоните не можат да ја подражаваат“ со оглед дека тоа е филосфија која не може да нѐ одвои од Бога, од Господа и Создателот на сѐ видливо и невидливо.

Ангелската и светителската философија на смиреноста е единствен пат, по кој и ангелите и луѓето остануваат со Бога и во Бога.

Но, да се вратиме во времето на суштествените определувања: да се остане со Создателот или да се замине од Него?

Господ ја создал Земјата, а потоа и човекот според Неговиот образ и подобие, за човекот со својата личност да биде налик на својот Создател. Во Новиот Завет, орелот на црковното богоучење, свети Јован Богослов, вдахновен од Светиот Дух, јасно говори: „Бог е љубов“ (1Јн. 4, 16). Создаден од Создателот според Неговиот образ, човекот во својата суштина беше и љубов, беше и радост, а место за неговиот престој беше Рајот – блаженството од блискоста на човекот со Бога.

За да може човекот во себе да го почувствува блаженството од љубовта, блаженството на радоста и рајот, од Бога добива и дарови на разумот, а со разумот и дарот за слобода на избор: да се остане во Рајот или да се замине оттаму. Дарот на слободата во лоша насока се покажал под дрвото на познавање на доброто и злото.

Тука се случил пресвртот на историјата на човештвото. Наместо во својата смиреност Адам и Ева да ги умножат своите таланти, да сфатат дека и разумот и слободата, и Љубовта и Рајот, не постанале сами од себе, ниту самите на себе се дарувале; наместо да ја разберат величината на Божјата љубов, која сето тоа им го подарува, па дури и им дозволува да ја злоупотребат слободата; наместо сето тоа да го сфатат и да останат со Бога, тие отпаднаа од Него и сопствениот ограничен разум го прогласија за Бог и за суштина на своето постоење.

Така, човекот со својата лична волја се најде во водовртежот на несигурноста и немирот, исто како и демоните.

А пред човекот и неговиот пад, ангелите, со исклучок на сатаната и неговите следбеници, не постапија така. Откако ја сфатија и разбраа сопствената способност, откако согледаа дека сите дарови кои ги поседуваат не се нивни, па ни разумот, ниту слободата на делување, откако видоа на какво достоинство ги издигнал нивниот Творец во величината на љубовта, тогаш тие уште повеќе го распалија во себе огнот на љубовта и останаа со својот Творец.

Враќањето на блудниот син во прегратките на Отецот, враќањето на човекот во закрилата Божја, може да се одвива само по патот на носталгијата кон небото и ангелите.

Ако човекот во своето самоиспитување дојде до сознание дека сѐ што поседува, сѐ со што располага, не е негово, па дури ни разумот, ниту слободата на волјата и одлучувањето, туку сѐ е од Бога и во Бога, тогаш тој е на патот на спасението. Тогаш тој е брат на ангелите.

Слободен од злото, стравот и страдањата, човекот ја прима во себе добрата благодат на Светиот Дух и почнува да се радува, издигнувајќи се во љубовта, која единствена е способна да ја прегрне вечноста.

Љубовта е единствена категорија, која во себе ја носи вечноста на животот и ненаситната радост кон Бога.

*Превод: Протојереј Златко Ангелески*

ПРАЗНОВЕРИЕ НА XXI ВЕК

# АСТРОЛОГИЈА

## НЕЈЗИНАТА СУШТИНА И ПОЈАВУВАЊЕ СПОРЕД УЧЕЊЕТО НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА

- ВТОР ДЕЛ -



Димитриј Бороновски

## ЦРКВАТА И АСТРОЛОГИЈАТА

Сега да видиме каков е односот на Старозаветната и Новозаветната Црква кон астрологијата. Во големите кодекси на Мојсеј читаме за забраната да се користат секакви видови на волшепства под страв од смрт. „...Не вражајте, не гатајте. Не одете по оние што повикуваат духови на мртви, и до маѓесници не доближувајте се, и не дозволувајте да ве осквернат. Јас сум Господ, Бог ваш. И ако некоја душа тргне по оние што гатаат на животински црева, и по маѓесници, за да го следат нивното блудство, Јас ќе го свртам лицето Мое против таа душа и ќе ја истребам од народот нејзин“ (Левит 19, 31; 20, 6).

Во Второзаконието читаме за строгото предупредување од Господа да не се занимава со ниеден вид на волшепство и да не се дружи со оние кои се занимаваат со тоа, зашто имено за тоа повлекување по волшепство (кое всушност е сојуз со демоните) Бог и ги изгонува народите од нивната земја, ги осудува на погибел, нивната земја ја дава на Израилот кој Му бил верен. „Кога ќе влезеш во земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава, да не свикнеш да правиш гнасотии, какви што вршеле тие народи; да не се најде пред тебе човек... чародеец, ни гледач на утроба, ниту, пак,

што гледа по знаци, ни таков што повикува мртви; зашто, секој, што го прави тоа, е гнасен пред Господа, твојот Бог, ги изгонува од пред тебе. Биди непорочен пред Господа, твојот Бог; зашто тие народи, што ти ги наследуваш, ги слушаат гатачите и претскажувачите, а тоа Господ, твојот Бог, не ти го дал. Господ, твојот Бог, ќе ти дигне пророк од браќата твои, како мене, - него слушајте го...“ (Втор. 18, 9-15).

Пророкот Исаија, претскажувајќи ја гибелта на Вавилон поради неговата нечестивост и погубно занимавање со магија и астрологија, од името на Господа, со иронија вели: „Стој си, пак, со своите маѓии и со многуте баења, со кои си се занимавала од млади години: можеби – ќе си помогнеш, можеби – ќе се одржиш. Ти си уморна од многу замисли, нека излезат оние, што го набљудуваат небото, ѕвездобројачите и претскажувачите по новомесечијата, нека те спасат од она, што треба да ти се случи. Ете, тие се како слама: оган ќе ги изгори; не ја спасија душата своја од пламенот...“ (Ис. 47, 12-14).

Овде имаме директно укажување на бессилноста на сите видови волшепства пред волјата и силата Божја и на неминовната казна која ги достигнува оние кои се занимаваат со магија и астрологија или прибегнуваат кон помош на окултисти. При судрување на маѓепсници и вражачи со пророци и други духоносни луѓе, синовите на темнината неминовно трпат пораз. Така, во книгата Излез (7-9) ние читаме како вражачите и маѓепсниците му се противеле на Мојсеј, правеле многу чуда пред фараонот со помош на магија, но не можеле да ѝ се спротивстават на силата Божја и на крајот од краиштата морале да го признаат својот пораз. Во книгата Битие (41) се зборува за победата на праведниот Јосиф над вражачите и мудреците египетски кои не можеле, при сето свое магиско искуство, правилно да го истолкуваат сонот на фараонот. Пророкот Даниил исто така многу пати ги посрамил халдејските мудреци и маѓепсници (Дан. 2-4, 5).

Сето тоа се објаснува со тоа што своите чуда и пророштва синовите на светлината секогаш ги извршуваат со силата Божја, со Светиот Дух; а вражачите, маѓепсниците, астролозите кои им се противеле, користејќи волшепства, дејствуваат со демонска сила и нормално трпат пораз, противејќи се на Бога.

Во Новиот Завет ние исто така гледаме непомирлив однос кон сите видови на маѓепсништво и иста таква постојана победа на Божјите сили при судрување со маѓепсништвото. Така, апостолот Павле изгонува пророчки дух од слугинката која ја претскажувала иднината (Дела 16, 18), иако изгледало дека зборувала вистина, одејќи по апостолите и зборувајќи дека „тие се слуги на Севишниот Бог кои ни го покажуваат патот на спасението.“ Но апостолот не сакал вистина од нечистите усти бесовски, давајќи пример на однос кон демоните, па дури понекогаш да ја кажуваат и вистината. Зашто позади тоа стои само желба да се вовлече во дијалог



ПРИ СУДРУВАЊЕ НА МАЃЕПСНИЦИ И ВРАЖАЧИ СО ПРОРОЦИ И ДРУГИ ДУХОНОСНИ ЛУЃЕ, СИНОВИТЕ НА ТЕМНИНАТА НЕМИНОВНО ТРПАТ ПОРАЗ.

(НА ИКОНАТА Е ПРИКАЖАН БЛАЖЕНИОТ ЗОСИМА КАКО ИСТЕРУВА ЃАВОЛИ)

со цел да задобие доверба, за потоа да погуби.

Истиот апостол Павле го казнува вражачот Елим со слепило, зашто тој се противел на евангелската проповед и се трудел да ги одврати луѓето од вистинската вера (Дела 13, 8-11). И, на крај, од книгата Дела апостолски дознаваме дека под дејство на апостолската проповед „оние, кои правеа магии, собирајќи ги книгите свои, ги гореа пред сите“ (Дела, 19, 19). На таков начин тие се одрекле од врската со демоните и ја посведочиле несогласноста на верата во Христа и црнокнижието.

Во Номоканонот (збир на црковни правила и прописи) доволно јасно е кажано: „Оние кои одат кај вражачи или вражаат или гледаат по ѕвезди (т.е. се занимаваат со астрологија – авт.) шест години да не се причестуваат според 1-то правило на Трулскиот собор и според 80-то правило на Василиј Велики, а свештеник кој што го прави тоа – да се расчини“ (Требник, 1904, с. 195).

Овде гледаме јасно укажување на црковното сознание за демонскиот происход на сите видови волшепства, вклучувајќи ја и астрологијата, на недопуштањето христијаните да општат со нив и на строгата казна за оние кои по било кои причини се решиле на врска со демоните.

# СВЕТИТЕ ОТЦИ, УЧИТЕЛИТЕ НА ЦРКВАТА И НИВНИОТ ОДНОС КОН АСТРОЛОГИЈАТА

Светите отци на Црквата преку целата нејзина историја исто така обрнувале големо внимание на борбата со волшепството и астрологијата. Поради недостаток на место ќе си дозволам да се задржам само на некои дела од светите отци и учители на Црквата. Така, Тертулијан во своите дела пишува: „Помеѓу различните човечки занимања не смее да не се забележат некои искуства или професии кои припаѓаат на идолопоклонството. За астролозите дури не вреди да се зборува, но бидејќи еден од нив помисли да се оправда во тоа што продолжува да се занимава со таа професија, јас решив да кажам неколку зборови по тој повод. Јас нема да зборувам за да ги поставувам имињата на лажните богови на небо, и да им припишувам некаква семоќ и да ги отклонувам луѓето од вознесување на молитва кон Бога, влевајќи им вера, дека божем нивната судбина неизменливо е определена од ѕвездите – и сето тоа да би било исто што и поклонување на лажните богови. Но јас тврдам дека астрологијата во овој случај се уподобува на паднатите ангели кои се оддалечиле од Бога за да го лажат човечкиот род... Ако магијата е казнива, а астрологијата е нејзина разновидност, тогаш и двете подлежат на осуда. Така од времето на појавувањето на Евангелието секој род на софисти, астролози, маѓепсници, вражачи, гатачи треба неминовно да бидат казнети“ (За идолите. - Во кн: А. Б. Ранович, Извори за историјата на раното христијанство. М“ 1990, с. 167).



Татијан во „Зборови против елините“ пишува: „Демоните ги направиле луѓето жртва на своето отстапништво. Тие, покажувајќи

им ја на луѓето распределбата на ѕвездите, како некоја игра ја вовеле судбината која е туѓа на справедливоста, зашто судија е некој или суден, тие се такви според определбата на судбината... демоните ја измислиле судбината. Како основа за тоа им послужило сместувањето на животните на небо. Зашто тие ги удостоиле со небесна почест животните со кои живееле после паѓањето од небото, - влекачите, оние кои пливаат по вода, четвороножните, оние кои живеат по горите – за да мислат дека и тие пребиваат на небото, и со посредство на расположбата на ѕвездите да убедат дека животот на земјата е туѓ на разумот и дека: гневен ли е некој или трпелив, воздржан или не, богат или беден, таков бива од назначување на оние кои располагаат со раѓањето; зашто распределбата на Зодијакот е дело на боговите. Ако светлината на еден од нив, како што велат тие, е посилна, тогаш тој им ја одзема славата на на другите, и кој е сега победен, може повторно да биде победител. Тие со задоволство се занимаваат со седумте планети како со игра. Но ние сме повисоко од судбината, и наместо заблудените демони Го знаеме неизменливиот Господ, и, не потчинувајќи се на судбината, ги отфрламе и нивните законоположници“ (Татијан. Слово против елините. – Во кн: Раните отци на Црквата. Брисел, 1988, с. 376-378).

Минуциј Феликс со својата „Октавија“, зборувајќи за римските гатања и претскажувања, пишува дека ако во ретки случаи тие претскажувања се исполнувале, тоа може да се објасни со тоа „што помеѓу мноштвото лажни претскажувања некое од нив случајно можело да ја погоди вистината“, и дека волшебниците и астролозите кои промислуваат претскажувања „не само што ги знаат демоните, но и со нивна помош ги прават сите свои работи кои личат на чудо: од нивното внушение и влијание тие ги прават своите магии, прават да се гледа она што всушност го нема, или обратно, да не се гледа она што го има. Прв таков магионичар бил Состен (Остан)...“ (Марк Минуциј Феликс. Октавија. – Таму, с. 574-575), т.е. истиот маг, како што веќе рековме, бил еден од првите распространувачи на астрологијата во Елада.

Св. Јован Златоуст во своето поучување „За оние кои се лечат од болеста со маѓепсништво“ строго предупредува дека не смее да се оди кај Божјите непријатели, кај вражачите и магионичарите, зашто поубаво е да се умре, отколку да се оди кај Божјите непријатели. И дека оние кои се ползуваат од нивните услуги, умираат со време и одат во вечна мака.

Св. Максим Грк напишал цела книга за разобличување на астрологијата, сметајќи ја како разновидност на магија која го поврзува човекот со демоните. Во писмо кон непознато лице тој пишува дека му испаќа труд кој „ја изобличува прелеста на гледање по ѕвездите и на секое волшепство како пронајдок на бесовите“ (Максим Грк. Послание кон непознат, во состав на еден од зборниците на Максим Грк против астрологијата. – Во кн: Д. М. Буланин. Преводи и посланија на Максим Грк. Ленинград, „Наука“, 1984).

И така, ние гледаме, дека светите отци на Црквата еднодушно настапуваат против астрологијата, изобличувајќи ја како еден вид на магија, како средство на општење со демоните, а астролозите ги споредува со „паднатите ангели кои го лажат човечкиот род“ и строго забрануваат општење со тие „Божји непријатели“. Особено внимание заслужува реченото од Татијан кој го покажал безумието на астролозите кои соѕвездијата ги нарекле со имиња на животни, планетите – со имиња на лажни богови, а потоа од карактерот на последниве почнале да ја толкуваат судбината на човекот или државата во зависност од распределбата на тие „небесни созданија“. Многу убедливо звучат и докажувањата на Минуциј Феликс којштo покажал дека некои претскажувања се случуваат поради две причини: 1) поради случајност; 2) поради волшебните дејствија на вражачите кои понекогаш можат да дознаат за идните случувања од демоните, кои или ги виделе или го дознале, или самите зеле непосредно учество во нивното подготвување.

*продолжува во следниот број*

www.koe.mk